**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Дваесет и седмата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 24 септември 1999 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Во салата се присутни 70 пратеници.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ја предлагам да не изБројат, бидејќи нешто не е во ред со апаратурата овде. Навистина гледаме дека нешто се манипулира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од извршеното пребројување од Стручната служба покажува дека во салата има 71 пратеник.

Дами и господа, бидејќи се исполнети условите за работата на Собранието ја продолжуваме 27 седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Ѓорѓи Спасов ме извести дека од оправдани причини не може да биде присутен на седницата.

Минуваме на точката 2.

Интерпелација за работата на министерот за образование во Владата на Република Македонија господин Ненад Новковски.

Интерпелацијата Ви е доставена.

Господинот Амди Бајрам има процедурална забелешка.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседателе и почитувани колеги пратеници, почитувани министри, сите знаете дека јас вчера два пати излегов на говорница и говорев за Ромите, кои се на граница и кои се уште гладуваат. Само тоа можам да ви кажам, ветено е вчера пред целиот Парламент и пред Владата е ветено дека ќе им се однесе храна и вода. Можам да ви кажам синоќа во 23,30 часот бев таму, ниту леб, ниту вода, гладуваат и спијат на бетон.

Јас мислам дека господа пратеници мораме сите овде нешто да размислиме и да видиме што ќе стане со тој народ. Тоа не се 600, туку се 487. Меѓу тие 487 има 213 мали деца до 12 годишна возраст. Мислам дека работата е многу сериозна. Сепак, Владата има донесено одлука бегалци да не прима во Република Македонија, но кога се дојдени на наша врата, кога можеше од секаде да се прима, може најнормално и Ромите да се примат. Ве молам господа пратеници дајте да решиме нешто пред да почне седницата, бидејќи ова е многу сериозна работа, или од тука една делегација пратеници да одиме лично на лице место. И ги поканувам сите новинари од тука да одат на Блаце и да видат што се случува, каков хаос. За време на Хитлер така не било, а камоли сега. Мислам дека Македонија е една добра наша држава која е добротворна, примила 300 и неколку илјади, може да прими уште 400 и нешто Роми. Барам тие да бидат сместени во Стенковец, каде што се сместени другите Роми. И барам од вас од сите пратеници ако не сте толку хумани, да стане и да каже некој од вас, дали заслужуваат Ромите на таков начин, 3 дена ниту леб, ниту вода, ништо да не им даде.

Вчера беше ветено од Владата, но да знаете дека ништо не е сторено. До колку денеска до 22 часот не ги пуштат Ромите да влезат во Стенковец, да знаете демонстративно ги повикувам сите Роми од Република Македонија и од Скопје директно тргнуваме пеш на граница и ние ќе ги внесеме, ние ќе ги внесеме со сила во Македонија, тоа да го знаете, рака за рака и ќе влеземе во Македонија. Не може некој да спие на бетон, мали деца, ниту вода не им е дадено, ниту леб не им е дадено, па што е ова? Ниту за време на Хитлер го немало ова. Ве молам господа пратеници станете некој од вас кажете овде што треба да се каже. Владата вчера не презела ништо. Без разлика опозиција како опозиција вие зборувајте што сакате. Моја должност е овде да станам како застапник од ромската националност и пратеник, едноставно без разлика макар што не се Роми од Македонија, но кога дошле во Македонија, јас сум должен да станам, а вие од опозицијата како што сакате зборувајте, јас зборувам овде во Парламентот и за јавноста на Република Македонија. Исто и од албанските партии да станат, нормално сите заеднички, затоа што кога треба нешто да се решава во Република Македонија присетете се дека јас ве повикав сите да се здружиме кога дојдоа во Република Македонија околу 300 и неколку илјади граѓани, јас ве повикав сите пратеници да се здружиме и Владата заедно да соработуваме за добробит на Република Македонија. Но, сега некој да трпи.

Сега како е, што е работата, луѓето дошле тука и да патат 3 дена и да не јадат и никој ништо да не им даде, тоа е голем срам. Мислам дека сите медиуми и сите новинари ова треба да го запазите и ве повикувам денеска со мене заедно сите на граница и да видите што се случува таму.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, мислам дека и

вчерашниот и денешниот апел на колегата Амди Бајрам има работи за кои треба навистина сериозно да обрнеме внимание, без разлика што граѓаните од Косово се на таа територија, но упатени кон нашата граница.

Сега треба да го најдеме начинот како можеме ние да дадеме свој придонес за да се реши оваа неизвесна ситуација според информациите што ги изнесува господинот Бајрам. Од една страна ние имаме меѓусебни обврски со целата оваа ситуација во која се инволвира и меѓународната заедница кон нејзини разни видови институции кои беа во целиот овој период присутни во Македонија, а после завршувањето и потпишување на тој договор околу решавањето на косовското прашање се присутни на таа територија. Тоа значи дека не би било толку добро ние да преземаме самоиницијативно одредени зафати, меѓутоа во никој случај не би требало да останеме рамнодушни, бидејќи одреден број на граѓани иако се на таа територија упатени се, или стојат некаде во близина на влезот во нашата држава.

Значи почитувајќи ги меѓусебните обврски во овој случај обврските и договорите што ги имаме со НАТО, обврските и договорите што ги имаме со КФОР, па и со УНХЦР би било добро ако е возможно тоа, бидејќи ова е продолжување на седница, не е нова седница доколку е возможно да донесеме еден заклучок кој би го упатиле до Владата да стапи во контакт, бидејќи има меѓусебни обврски и договори со УНХЦР и со КФОР, кои имаат свои седишта и претставништва во Република Македонија да разговараат како може да се пристапи кон ова прашање и кон овој проблем да се реши, бидејќи во договорите што ги има Република Македонија со УНХЦР постојат елементи кои говорат дека за овие прашања кои се однесуваат на Косово, КФОР има своја програма во што е вклучен и УНХЦР за граѓани, кои се наоѓаат во неизвесна ситуација по било кои причини да организира посебни кампови во кои ќе ги заштити и ќе ги згрижи. Значи, таа обврска веќе е преземена таму, меѓутоа ова е посебен случај за кој има доволно простор, претставници на Владата на Република Македонија да стапат во контакт со претставништвата на УНХЦР и КФОР во Македонија, да разговараат и да дојдат до некое соодветно решение што би било од страна на Република Македонија соодветен прилог за овие над 400 лица, кои се на нашата граница. Доколку е тоа возможно на оваа седница да се донесе таков заклучок, јас би предложил тоа, бидејќи мислам дека треба да имаме разбирање за таа ситуација, во која што се наоѓаат тие граѓани за интервенцијата и апелот на г. Бајрам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Нано Ружин има процедурална забелешка.

Да го слушнеме и него, а потоа по вашиот предлог ќе се произнесе Собранието.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Мислам дека во случајов се работи повеќе за едно хуманитарно прашање, а не за политика и за технологии и т.н.

Мислам дека под итно треба да бидат примени овие луѓе во просторот каде што таму беа досега ситуирани, другите бегалци со оглед дека се соочуваме уште еднаш ќе кажам со хуманитарен проблем и најверојатно дека после тоа ќе уследи одредена помош и интервенција на невладините организации, сите оние што се грижат за овие луѓе. Мислам дека не треба да дозволиме да ни се повтори Блаце повторно.

И затоа сосема го поддржувам предлогот на г. Амди Бајрам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Се работи за иста работа, сакам да се придружам на поддршката околу предлогот на г. Амди Бајрам и мислам дека ова прашање заслужува една итна постапка и итно ургентно наше реагирање и делување и како што истакна и господинот Ружин, навистина се работи исклучително за проблем на кој можеме да гледаме само од хуманитарен аспект.

Мислам дека сето последователно решавање на проблемот треба да се остави за понатаму во смисол на разговори со меѓународните хуманитарни асоцијации НАТО и кој се има обврски во однос на бегалците, меѓутоа итно треба да се преземе нивно згрижување и мислам дека границата за нив треба да биде отворена и да бидат сместени во оние постоечки објекти, во кои што се наоѓаа бегалците од Косово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Лазар Китановски има процедурална забелешка.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сакам да се изјаснам околу ова прашање, бидејќи падна предлог Собранието да донесе заклучок.

Меѓутоа, мислам дека во тој заклучок треба да биде содржан и еден следен елемент, иако се согласувам дека мора под итно да се преземат мерки за да овие луѓе се обезбедат на некој начин и да се има еден хуман пристап. Меѓутоа, сега на Косово се случува една ситуација да практично има шпекулации во јавноста дека КФОР ги спроведува тие луѓе, наместо да ги штити како што се утврди во тие договори и резолуции на ОН, сега практично КФОР на индиректен начин се шпекулира со тоа како да го помага етничкото чистење на Косово.

Бидејќи сме ние прв сосед на Сојузна Република Југославија, тоа значи и на Косово, таквата нова фаза повторно се реперкуира врз Република Македонија. И мислам дека во заклучокот на Собранието треба да се содржи и една точка во која Владата ќе побара од КФОР да објасни на кој начин ги спроведува сите оние акти, кои беа постигнати на основа, кои КФОР се наоѓа на територијата на Косово, затоа што тоа најдиректно се одразува врз Република Македонија. Не можат да постојат два аршина по прашање на заштита на луѓето, кога интервенира меѓународната заедница. Тогаш станува проблематична мисијата, затоа што реков има реперкусии и може да има исти реперкусии врз Република Македонија.

**ЉУБЕН ПАУНОСКИ:**

Не е спорно дека од хуманитарен аспект треба да се преземе нешто, меѓутоа во овој случај ние цениме дека Македонија што може да направи се што ги има сите средства на располагање, но станува збор исто така дека веќе еден извесен период наназад комплетната обврска околу тоа прашање за Косово има преземено меѓународната заедница, односно КФОР со тврдење дека штом влегуваат тие сили таму, тие ја гарантираат безбедноста и сите непредвидливи работи кои можат да се појават во било какви меѓусебни меѓунационални тензии, исто така да ги преземат од разрешување па до хуманитарно згрижување доколку за тоа се јави потреба, односно изолација. За жал очигледно се случуваат некои непредвидени работи таму, но после една таква состојба која знаевме каква е беше претпоставка дека тоа ќе се случува.

Меѓутоа, сега ние не треба од тоа да правиме овде политизација и да собираме политички поени од целата оваа работа, бидејќи на некој начин веќе реков КФОР презеде максимална, најсериозна одговорност да не речам и политичка и воена и безбедносна, па со другите структури како што е УНХЦР хуманитарна. И сега ние да направиме едностран потез во сето тоа. Јас се согласувам дека е итна работата, меѓутоа многу лесно е овде да кажеме: дајте да ги примиме тие бегалци. Проблемот е од хуманитарен аспект. Штом ние од овде соопштуваме, тоа истовремено е политички став, политичка волја. Значи немојте толку лесно да се фрлаат така зборови дека овој проблем е од хуманитарен аспект. Штом ние се согласуваме, имаме разбирање, значи имаме и политичко разбирање за тоа и можеме да донесеме некаков политички став, иако не знам дали е парламентот надлежен за ваква работа да донесе политичка одлука.

Значи, не можеме да ги пробиеме ние тврдењата, заложбите и конкретните потези што ги презеде меѓународната заедница, со влегувањето на тие сили на Косово и со сите други хуманитарни структури кои се.

И од тие причини мислам дека, дали може Парламентот да преземе некои организирани постапки во сето ова или да упати еден заклучок до Владата, претставници на Владата под итно, не да се чека утре задутре или по неколку денови, што се вели зборот веќе денеска да стапи во контакт со овие претставништва што се во Македонија и на КФОР и на УНХЦР да разговара и да се најде решение за ова прашање.

Мислам дека мора да има некоја постапка што е нормална, затоа што од најдобронамерни однесувања за кои и јас имам разбирање и мислам дека воопшто не е спорно што колегите така разговараат, имаат размислување. Утре ние, по 5 дена можеме да се соочиме од било кои причини со 5, или со 10 илјади граѓани на таа граница од било каков карактер тоа да го бараат и тогаш нас меѓународната заедница, ќе ни рече: ако вие постапувате еднострано без да стапите во контакт, во одредени разговори, тогаш еве ви ги овие 10 илјади што сега притискаат на границата.

Значи, мора да се запази некоја процедура во која ете, тоа е Влада, ние сме Парламент, значи има политичка димензија во тоа. Станува збор за запазување за она што постојано во овој Парламент се бориме за една процедура. Но, точно е дека тоа треба да се прифати како итна потреба.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Ситуацијата е оваа. Се знае Владата на Република Македонија дека донесе одлука. Јас се согласувам со г. Пауноски за да не би дошле повеќе во Република Македонија, но јас ви ветувам на сите овде како пратеник и претставник од ромската националност, ви ветувам дека освен овие Роми, значи целта е само овие Роми да ги примиме, затоа што дојдени се на наша врата и таму спијат на бетон. Повеќе се деца, 87 семејства се, како што се овие Роми овде во Стенковец сместени. Не бараме ништо, бараме во тие шатори, тоа се 100 шатори, да бидат сместени и кога ќе се враќаат сите Роми нормално од Република Македонија и тие да се вратат. Не барам во Парламентот да ја политизираме работава меѓу нас пратениците овде. Барам од Собранието на Република Македонија до Владата на Република Македонија, под итно да може да донесе одлука за да ги примиме овие Роми кои се дојдени и кои спијат таму 60 и неколку часови, спијат надвор на бетон, а сега знаете дека е есен, помина летото и не е seedно, вода, храна, немаат ништо добиено. Јас не знам како постоеле толку хуманитарни организации во Република Македонија, а сега да не постојат, да одат на граница горе. Мислам дека не е реално, не е тоа добро, ние можеме

да се организираме, можеме се Ромите, но да не добие една друга страна од Ромите во Република Македонија, да ние сега одиме таму и да правиме подруги работи. Мислам дека многу подобро би било за Република Македонија на многу подобар начин многу похумано како Република Македонија позната во Европа и во светот, што беше толку хумана и би требало хумано да постапи само за овие Роми. И, барам од вас пратениците доколку се сложите сите, ова да го изгласаме, да може до Владата под итно да се донесе за да може да ги пуштат денеска.

Јас мислам дека и тоа ќе се случи, мислам дека сите сме хумани, тоа може на секого да му се случи, како е, што е, дали со КФОР или што е, не би требало да расправаме сега. Дајте да ги спасиме, дечиња се, има меѓу нив и болни сега, може да се случи и некоја смрт. Јас мислам дека сите тука ова ќе го сфатиме добротворно да го решиме во Република Македонија да ја задолжиме Владата под итно денеска за да дозволи, не бараме ништо друго, бараме само да бидат сместени во Стенковец, каде што се другите Роми. Ништо понатаму. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

На секој му е познато и на македонската јавност која беше заложбата на Партијата за демократски просперитет и на сите Албанци што се однесува до хуманитарните причини. И тогаш кога сите големиот дел од политичките партии се спротивставуваат на хуманитарното згрижување на босанците, без оглед на нивната верска и национална припадност единствено нашата партија и нашето членство и Албанците беа тие кои што широко градно ги прифатија сите тие бегалци од Босна без оглед на нивната национална и верска припадност. Истата солидарност ја покажаа и за време на кризата во Косово, што значи никогаш не била во прашање хуманоста по национална основа. Но, апсолутно се спротивставуваме на една теза која се тежи овде да се протежира дури и да биде политички став на Собранието на Република Македонија да се прогласи за не ефикасна една мисија, меѓународна мисија и КФОР кој има за цел и многу успешно по сите информации ја спроведува мисијата, сега овде да ја прогласиме за не ефикасна, дури соучесник на етничко чистење, апсолутно е не прифатливо. На секој денес му е јасно која држава и која нација денеска во светот сака и прави се за таква да ја прогласи мисијата на КФОР и на меѓународната организација во Косово.

Значи, апсолутно се спротивставуваме и никако нема да прифатиме од нашето Собрание да излезе таков став, наводно дека мисијата на КФОР е не успешна и врши етничко чистење на Косово.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Ризван Сулејмани.

Има збор пратеникот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, јас ќе го поддржам колегата Ризван Сулејмани и во име на пратеничката група на ДПА ја изразувам загриженоста за ситуацијата на Блаце. Мислиме ние како Парламент имаме утанчено дневен ред за оваа седница. Ја завршивме правата точка и сега сме на втора точка. Не знам дали ние можеме да гласаме за нешто. Но, ова нека биде како еден апел до Владата, тие заложби што вчера ги рече заменик премиерот, г-динот Бедредин Ибраими, тие заложби и да се имплементираат, затоа што навистина и ние како Албанци ја сфаќаме таа ситуација, бевме сведоци на заложниците на Блаце.

Исто така еден пратеник од опозицијата, ми се чини г-динот Лазар Китановски кажа, но таа теза не држи затоа што тој рече дека има шпекулации дека се прави тоа и тоа од КФОР и сега ние како Парламент да и наложиме на Владата на РМ да реагира на таа шпекулација. Мислам дека е не сериозно или по шпекулациите да се произнесеме како Парламент.

И уште нешто што ме загрижува. Тоа е, мојот почитуван колега Амди Бајрам зошто не беше толку гласен, кога 50 илјади Албанци беа заложени на Блаце. Но, еве ние како пратеничка група на ДПА упатуваме апел до Владата да го имплементира, тоа што го имаше заземено како став по оваа ситуација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да не навлеземе во некоја непотребна расправа.

Се постави процедурално прашање за една одлука и ние сега одиме надвор од дневниот ред.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господо пратеници, јас мислам дека не ја политизирам работата во Собранието и не би сакал меѓунационалните односи во РМ, да ги донесам во некоја ситуација и некоја тензија, туку толку бев умен и толку бев добар и хуман што сакам, затоа што живееме во РМ, јас ако сакате да знаете најзагрижен бев и најповеќе бев присутен на граничниот премин Блаце, затоа што граничниот премин Блаце е моја изборна единица. Цела јавност знае и новинарите и Парламентот, сите знаете дека јас бев присутен таму и бев загрижен за сите луѓе што беа присутни таму. Без разлика на се, јас како пратеник

од ромска националност имам право да барам во дневниот ред да влезе ова прашање, затоа што се дојдени луѓе на врата кои сакаат да влезат во Република Македонија, без разлика што нашата Влада донела одлука, знам дека донела и затоа барам од Собранието на РМ и тоа може да го направи тоа затоа што луѓето, без разлика дали се роми, индијанци, конгуанци или не знам што да кажам, бидејќи еве гледам дека се непожелни во Македонија, кажете нема проблем, јас ќе отидам на граница и кај треба ќе ги пренесам, ќе ги фатам за рака и ќе ги пренесам кај треба, но сфатете дека 128 илјади Роми има во Македонија. Сфатете најнормално, како кога имаше бегалци од друга националност кога бевте повеќе загрижени, нормално и ние сме загрижени. Сега како било, што било, кој е задолжен таму, поради што дошле тука, не би сакал да коментирам јас овде и не сакам апсолутно да навлегувам во некои работи и да стварам некој тензии во меѓунационалните односи во РМ. Чисто барам од хумана гледна точка, да влезе тоа во дневниот ред и да излеземе со еден заклучок.

Доколку не може, благодарам на се, а ние на друг начин ќе постапиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

На самиот почеток сакам да истакнам дека и за нас ова прашање е и важно и битно и итно.

Меѓутоа, г-дине потпретседателе би сакал да Ви се обратам лично Вам.

Бидејќи сите досегашни јавувања беа процедурално. Процедурално јавување се користи во ситуација кога процедурата пропишана со Деловникот е прекршена и некој од пратениците сака да посочи или да опомене на таа работа. Овде се работи за нешто друго и јас овие аргументи не ги кажувам за да ја избегнеме темата. Меѓутоа, ако сакаме на неа да се навратиме и да се изјасниме мораме да најдеме сепак некаква деловничка форма која не би излегла надвор од некоја процедура. Бидејќи ние сме веќе во расправа по точка два од дневниот ред. Дневниот ред е усвоен. Собранието не може на оваа седница да отвара расправа по точка која не постои во дневниот ред. Имаме во тој случај две варијанти. Едната варијанта е да се исцрпе дневниот ред и да се закаже под итно нова седница само со една точка, каде Собранието околу тоа би се изјаснувало, или можеби да се прекине оваа па да се закаже нова седница, што не мислам дека е добро и тоа од една друга причина што Собранието нема ингеренции, според Уставот на РМ да донесува одлуки со кои ќе ја задолжи Владата како ќе постапува по одредени прашања.

Да Ве потсетам, ниту кога се примаа 360 илјади бегалци од Косово минатиот пат не одлучуваше Собранието за тоа, тоа е ингеренција на извршната власт, ниту во оваа ситуација, ниту пред некој ден кога Владата соопшти дека донесле одлука оти нема повеќе да се примаат бегалци од Косово, тоа беше нешто што зависеше од став на законодавната власт. Од тие причини јас би дал еден друг предлог, бидејќи овде се работи за прашање да се изрази политички став или расположение на сите парламентарни групи во Собранието на РМ, без разлика дали се позициони или опозициони и затоа предлагам:

Шефовите или координаторите на парламентарните групи, надвор од оваа седница, во текот на денешниот ден, можеби и сега во овој момент да излезат надвор, да седнат заедно и можеби да формулираат една препорака или апел до Владата која би требало тоа да го има предвид кога ќе одлучува во рамките на своите ингеренции, кои што произлегуваат од Уставот.

Инаку кога веќе го отворивме ова прашање, јас би сакал да дадам сугестии за таа средба, ако се усвои на шефовите на парламентарните групи, мислам дека би било добро кога за ова прашање не би имало поделба на владини или опозициони политички партии туку Собранието да излезе со еден заеднички став околу целата оваа работа.

Меѓутоа, ние имаме еден ургентен проблем кој сега ни стои над глава. Тоа се на пример 460 бегалци од ромска националност на граничниот премин Блаце. Имаме еден друг проблем што веќе имаме 20 илјади бегалци се уште на територијата на Македонија, а да се потсетиме дека според проценките на Владата на самиот почеток од косовската криза, тоа беше крајниот лимит што Македонија може да го издржи. Значи ние сега сме на онаа крајна граница, што без разлика во меѓувреме се случи еден огромен прилив на бегалци, меѓутоа еве за среќа на еден пократок временски период.

И трета работа, исто така треба да се согледа опасноста од ново доаѓање на бегалци, во зависност од развојот на состојбата на Косово. Мислам дека не треба, ако веќе се отвара ова прашање, макар и на ова ниво, на шефови на парламентарни групи со што би се иницирале расправа во Владата да се за занимаваме само со последиците на проблемот, бегалците на територија на Македонија, бегалците на граничниот премин Блаце се последица на нешто, а не причина од нешто, бидејќи секој веднаш си го поставува прашањето, зошто овие 470 несреќници се наоѓаат на нашата граница, дали од волја, желба или доброволно дошле тука, или имаат некој проблем таму каде што живеат, па морале да бараат спас на територијата на РМ. Во таа смисла јас ја прифаќам таа сугестија дека треба апсолутна соработка со УНХЦР, со претставниците на ОН, со КФОР исто така, бидејќи на крајот на краиштата според сите резолуции и ставови на меѓународната заедница тие се најодговорните ова прашање да го санкционираат.

Исто така, немој да ме сфати некој погрешно, како што претпоставувам често пати се

случува дека се користи секоја прилика да се исполитизира или да се поентира, бидејќи ова е најмалку прашање каде што треба да се поентира.

Имавме прилика да слушнеме од претставници на Владата дека се изградени релации со структурите на ОВК на Косово и со новата администрација која што се воспоставува на Косово, дури бевме информирани дека врз основа на тоа се отворени пазари, економска соработка, економско чудо и т.н. Со КФОР можеме да разговараме како да ги спречиме последиците, а тие јавно промовирани добри релации со ОВК нека се искористат како да се спречат причините за да не ни доаѓаат во наредниот период повторно да ни доаѓаат на границата бегалци и тоа не само Роми, бидејќи јас од информациите што ги имам, од тие 20 илјади бегалци што се останати во РМ, структурата е доминантно не албанска. Значи има и Роми, има и Турци, има горани, имавме прилика да го слушнеме ставот на гораните, кои што исто така овде јавно го презентираат иако некој веќе сака јавно да поентира на воспоставени добри релации со некаква нова администрација на Косово, сега нека го валоризира тоа да се спречат причините на нашите граници да доаѓаат постојано бегалци од Косово.

Предлагам да ја прекинеме оваа процедурална расправа, која може да не развлече и да не одвлече и од дневниот ред и впрочем не е деловнички. Ако се согласувате шефовите на сите парламентарни групи нека направат средба надвор, нека формулираат една препорака, апел до Владата. Ова се ингеренции на Владата. Таа може да одлучи во еден или во друг правец. Собранието нема право, според Уставот, да донесува одлука за да ја задолжи Владата императивно да постапи според заклучокот на Собранието. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува повторно г-динот Стојан Попов, меѓутоа Бранко Црвенковски да биде известен, јас и на секретарот му предложив една таква работа, пред Вие да се јавите.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Ќе бидам сосема кратко, затоа што многу работи во меѓувреме се искажаа за кои јас мислев да зборувам.

Прифатлив е предлогот на г-динот Црвенковски.

Мислам дека тоа е единствениот начин ние да направиме еден апел до Владата.

Меѓутоа, би сакал да напоменам дека навистина е загрижувачко тоа што самата Влада имајќи еден проблем, кој веќе е три четири дена на граница, самата таа не преземала досега чекори во решавање на тој проблем, туку се дојде во ситуација од Собранието на РМ да и биде свртено внимание за нешто што е актуелна состојба на Македонската граница, кое практично влегува во домен на решавање на извршната власт. Мислам дека, навистина треба да бидат по ажурни, по агилни, во следењето на се она што е општествено актуелна ситуација во РМ и навремено да си ги решаваат проблемите. Сега единствено решение е ова ние да направиме апел. Инаку, далеку е од намерата за политизација на овој проблем, навистина не би имале таква намера. И околу обидите исто така да се квалифицира ставот овде или да се наметне дека некој сака да квалифицира став, дури и од опозицијата дека мисијата на КФОР некој сака да ја одреди како не успешна и т.н., мислам дека навистина не држи. Ова беше едноставно добронамерно укажување, се работи за човечки судбини и баш затоа тоа бара ургентно решавање, а понатаму може Владата да го разрешува на ниво на односи, заедно со надлежните како што се КФОР, УНХЦР, Привремената управа, или како се вика на Косово и т.н., така да таа процедура ќе следи. Меѓутоа, ургентно чисто од хуманистички аспект, мислам дека на луѓето треба да им се обезбеди згрижување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Со оглед на тоа што повеќе никој не се јавува, јас веќе го соопштив разговорот со секретарот, што во основа се совпаѓа со излагањето на Бранко Црвенковски и предлогот на Љубен Пауновски, јас би ги замолил, ако сакаат, координаторите, бидејќи веќе се кажа на кое ниво тоа да се направи, да се состанат и да најдат нешто што ќе биде заеднички предлог, што може да биде само како препорака, бидејќи ниту една друга одлука Собранието, во поглед на надлежноста на Владата не може да изготви.

Има збор г-динот Љубен Пауновски.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

На крајот на краиштата еве и добро е што една искуство од поранешниот премиер, што е многу јасна ситуација дека сериозна држава, без разлика на нијансите во видувања или пак на сериозни полемики, мора да запази некоја процедура на однесување и на многу јасни позиции, кои се негуваат, се градат по успешно, по не успешно, се надеваме сите ние дека ќе бидат заокружени еден ден во однос на интегративните процеси во овој случај и со безбедносните структури и со економските, европски. Така што мора да се запази таа процедура. Тоа е многу јасна ситуација.

Повеќе се јавив околу едно прашање што мислам, доколку има аргументи немам ништо против лично да го прифатам тоа, меѓутоа да не бидат тоа паушални, слободно стрелски размислувања, дека Владата ништо не размислува за сето ова. Да сочекаме, да побараме и да видиме дали овие денови размислувала или не размислувала и на крајот на краиштата барем една предност во ваква ситуација во позиција може да се искористи да се направат лични консултации со претставници во Владата.

Според мои информации, напротив сосема е поинаква вистината, така што мислам дека и во таквите тврдења, по повод вакви прашања упатени директно до извршната власт, мислам дека, барем најскромно кажано, не се сериозни. Така што тоа е само уште едно, што на почетокот го соопштив, да не правиме или политизација, или екскурзии со некои импровизации во размислувањата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, мислам дека дадовме еден предлог кој можеме да го спроведеме и да го затвориме овој дел од прашањето.

Што се однесува до последното јавување на г-динот Пауновски, јас знам дека е он координатор на најбројната парламентарна група овде во Собранието на РМ, меѓутоа тоа не значи дека во секоја прилика последниот збор, со мотив, или без мотив, со логика или без логика мора да биде негов, бидејќи по некогаш спроведувањето на таа некаква директива, повеќе ја комплицира отколку што ја поедноставува или разрешува ситуацијата. Последново јавување навистина не можам да го сфатам никако поинаку, освен тоа дека мора на крајот од секоја расправа што ќе се води во ова Собрание, да биде последен зборот на претставникот на ВМРО-ДПМНЕ.

Второ, не е задача на пратениците или на парламентарните групи да појаснуваат или да известуваат кои се позициите- на Владата. Владата има свои министри и претставници и они ќе кажат ова е став на Владата, ние вака или онака ќе постапиме. Овде се наоѓаме во ситуација наместо да го слушнеме тоа од претставник на Владата, да имаме од редовите на пратениците адвокати, кои што се задолжени во секоја варијанта да објаснуваат, дообјаснуваат или да ги бранат ставовите на Владата. Повторно сугерирам да направиме она што пред малку го предложив, знам да ја прекинеме расправата и да поминеме на дневниот ред.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Г-дине Црвенковски токму таа контрадикторност, треба добро да слушате на седници, бидејќи тоа што сега го говоревте јас за тоа говорев. Јас не спомнав ниту во позитивна ниту во негативна смиела за Владата околу ова прашање. Кажав принципиелно дека треба да се запази процедурата во секоја сериозна држава, а сега Вие мене ме обвинувате, ми импутирате дека, јас сум иницијаторот. Јас само потенцирав со последното јавување да не импровизираме за нешто што немаме добиено информација, дали Владата во минатите денови преземала некакви контакти околу ова прашање.

Јас уште еднаш потенцирав некои други кои тоа го тврдат на овие седници, да престанат со нагаѓање и со претпоставки. Не потенцирав, ниту негативни, а најмалку позитивни објаснувања или бранења за ... ете, погрешно сте сфатиле, тоа не се однесуваше на Вас. Јас реков дека, ете, едно добро искуство од поранешен премиер, кој тврди дека треба да се запази процедурата од целата оваа работа. Очигледно, сме се разбрале погрешно. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, Ве молам, ако го почитувавме Деловникот, ова беше процедура, дозволив да се објасни нешто, со оглед на тоа што се работи за една хуманитарна работа. Меѓутоа, да не ја направиме седницата во процедура, а главната работа да ја оставиме на страна.

Бидејќи, има некои предлози затоа, ако предлагачите имаат и мислат да имаат потреба да го стават ова како точка, тогаш не може на оваа седница. Ако сакаат да направат некоја своја препорака, јас стојам зад тоа дека координаторите да се договорат и нека направат една препорака до Владата, која нема никаква врска, туку само нивна заложба за еден проблем кој се јавил од хуманитарна сфера, да биде повнимателна и да ја забрза постапката околу разрешување на истата.

Во таа смисла и така сакав да се заклучи овде од тоа процедурално прашање.

Ве молам, да продолжиме по дневниот ред.

За збор се јави Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господа пратеници, јас мислам дека од ова сега направивме нешто многу големо. Мислам дека е таква работата хумана, а од хумана сега овде работата ја политизираме.

Мислам дека, секоја партија изгледа сака свој рејтинг да си добие овде, но размислете господа, дека во Македонија 62 илјади гласачи кои треба да гласаат во Република Македонија. Ова многу лошо ќе Ви се одрази и бидете свесни за ова. Не мора никаква одлука да се донесе, не може ништо да се донесе, но ова ќе кошта скапо за Македонија. Зошто? Сите Роми, нема ниту еден ром да гласа ако треба во Република Македонија. Зошто? Затоа што не сме пожелни. Што сме ние во Република Македонија? Значи граѓани од четврти или петти ред.

Значи сакате да кажете што сум јас, дали сум јас претставник на Ромите во Република Македонија. Зошто овде се изигравате и што мислите со ова овде? Дали господинот Бранко Црвенковски, да го прашам ако пукне во Македонија, дали на албанска граница или на турска граница или на бугарска, кога ќе чекаат македонските граѓани, како ќе му биде нему. Па, не верувам дека му е сеедно, а сега лесно му е. Порано знаеше кога беа изборите да шета низ Македонија, да ги збира ромските гласови и на пропорционална листа да гласаат и да имаат пратеници. Илија Филиповски од Ромите доби како пратеник и сега треба да стане да ги

заштити Ромите, а не таму да ќути. Друг пат пак ќе треба да се јави како пратеник, лично на него ова му го кажувам. Затоа што, јас шетав со него од рака на рака во Топана таму кај Ромите и би требало сега да стане, да каже и да го брани ставот на Ромите.

Ова е Собрание, па немојте да мислите дека не може на дневен ред ова да се стави. Може, токму ние можеме да го решаваме предлогот на Владата да го дадеме, затоа што Владата го заклучила тоа. А, дали одлука ваква или таква, немојте јас сум многу културен и многу добар и можам да бидам така што да ја свртам плочата од 45 на 33 и многу по опасно да говорам. Размислете што правите. Не се работи за илјадници Роми. Се работи за 487, од нив се 230 и неколку деца. Тука се 87 фамилии. Овде немојте да политизираме и немојте Собранието да го доведеме во некоја ситуација што не е потребна. Јас барав од Вас многу хумана работа. Значи, не сме хумани. Значи, ние Ромите не сме државјани на Република Македонија. Сега, ако некој дојде, не може да го примиме. Јас сум свесен дека донесен е став на Република Македонија, дека Парламентот, наводно Владата донела одлука, со таа одлука да не прима никакви бегалци, без разлика дали се Роми, Македонци, Турци, Албанци, горанци или било кој. Не треба да ги напоменуваме, тоа е голема загриженост.

Кажав и ќе повторам дека три дена никој храна не добил, на бетон лежат. Дали имате човечко во себе, или немате. Треба да сфатите, јас синоќа до 11,30 часот бев на граница, со Есма Реџепова бевме заедно, двајцата бевме таму и тоа на голема жалост. Јас ги поканувам новинарите од тука со мене сите да идете, да видите и да го дадете во јавноста тоа. Така, да гледаат македонските граѓани и сите во Република Македонија, кои живеат што се случува. Мислам дека и меѓународниот фактор ова нема да го дозволи. Ова за Македонија ќе биде многу опасно. Немојте да мислите дека добро ќе се пишува. Јас се извинувам, повторно револтирано, видовте цело време ве молев, цело време толку умен, толку културно настапував никого да навредам од националностите, толку бев за тоа во Македонија да не се направат некои политички интриги вака како што сега настапија, нема проблем, не мора да се стави ни на дневен ред, не мора ниту ништо ако не е по деловник, јас Ве замолив да донесеме некој заклучок или нешто до Владата, за да може да ги примат. Тие ќе умрат, а кога ќе умрат тоа е веќе џабе. Тие се деца, спијат на бетон и тоа треба да го сфатите. Не е за чудо можеби утре и во Македонија да се случи вакво нешто. Што би било нашите граѓани кога ќе отидат на туѓи граници вака да ги малтретираат. Јас Ви кажав, имаме три, четири граници. Грчка граница, Бугарска граница, Албанска граница, што ќе биде со тоа. Значи, исто вака да не малтретираат. Сфатете, имајте човечко во себе. Не пожелувам никогаш да ни биде нешто лошо, ама сега е така дојдена ситуацијата дали е КФОР крив, дали некој ром е виновен, можеби тие сами тргнале од таму, дошле тука и сега погрешиле, што треба, да ги умреме? Кажете, не може, не може, готово, продолжете со седницата. Јас лично како пратеник, ако ова денеска не се реши и Ромите не се примат во Македонија, јас лично давам оставка од овој Парламент и нема да присуствувам никаде на ниедна седница. Ќе дадам оставка и не сум потребен како пратеник во Собранието на Република Македонија. Што ми треба мене нешто кога не сметате од четврти и петти ред како граѓани. Се работи за 400 и нешто Роми, а јас не барам некое сместување, не барам нешто којзнае што, шатори таму да се сместат во Стенковец. Извинете и благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, да кажам сега се јавува и Бранко Црвенковски и другите, знам дека ги спомна господинот Амди Бајрам, само дали ќе одиме, колеги, Ве прашувам, во бескрај или ќе одиме да ја работиме седницата.

За збор се јави Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Неколку само работи.

Прво, Уставот на Република Македонија не познава институција претставник на националност во Парламентот. Значи, не постои претставник на Ромите, претставник на Албанците, претставник на Македонците.

Господинот Амди Бајрам е пратеник избран во една Изборна единица кој што во овој момент е член на Парламентарната група на Демократската алтернатива и со тоа е дел од владиното мнозинство. Или, со други зборови тој има многу поголеми можности, отколку било кој друг пратеник од опозицијата да влијае кај Владата, која што ја поддржува и во чие парламентарно мнозинство учествува, некои проблеми да се решаваат. Ова е апсурдна ситуација кога еден пратеник од Парламентарното владино мнозинство бара поддршка или помош од опозицијата, за да се наметне некој став пред Владата на Република Македонија. Тоа е едната работа.

Втората работа е, тешко на Ромите во Македонија ако единствениот нивни бранител е господинот Амди Бајрам и би било добро тој да води грижа за Ромите толку, колку што водат сите останати, вклучително и опозицијата.

Бидејќи, сакам да Ве потсетам дека на една од претходните седници токму од еден пратеник од опозицијата, беше поставено прашањето за бегалците Роми, тогаш господинот Амди Бајрам излезе и рече дека опозицијата се обидува тоа да го исполитизира или не знам да поентира и т.н. Јас останувам на тоа дека овој проблем треба под итно да се реши. Начинот на кој што треба да се реши

треба да го утврди Владата. Задача на Парламентот е да ја предупреди, поттикне или да апелира до неа. Формата која што ја имаме на располагање тоа да го направат координаторите на парламентарните групи со заедничка препорака, која што можат сега во ходникот надвор да ја усогласат. И, тоа е најпаметното нешто што можеме да го направиме, бидејќи тој проблем на Блаце нема да се реши со викање, со галама, со дерење од парламентарната говорница, туку со малку повеќе разум и ум. И, во тој прилог давам предлог.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници,

(Господинот Амди Бајрам сака повторно да се јави за збор).

Ако сакате со Црвенковски да се расправате, излезете и расправајте се.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Благодарам господине Бранко Црвенковски за вашето излагање, но токму во Република Македонија вие бевте премиер и претседател сте на една партија, Вие сте претседател на СДСМ, а јас сум претседател на Сојузот на Ромите на Република Македонија. Со тоа сакам да Ви кажам дека јас сум Ром од ромска националност и токму Ромите ги застапувам од Република Македонија и застапувам од Ромска партија, а таа ми се вика Сојуз на Роми на Република Македонија, ако не сте знаеле, а многу убаво знаете. Затоа што мојот потпретседател беше на вашата листа број 34, тоа многу убаво го знаете. Не можете да кажете дека јас застапувам нешто друго или во Парламентот друго. Да, точно е тоа дека јас сум пратеник во Република Македонија, но немојте да заборавите дека сум од Изборна единица број 85, а претставник сум од Сојузот на Ромите од мојата лична партија кандидиран.

Значи, со тоа сакам да Ви кажам таа партија е на Ромите, Сојуз на Роми, единствена парламентарна партија која постои во Република Македонија и со тоа мислам дека јас сум во право, а Вие не сте во право. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Пауновски имате збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Предлагам, оние предлози кои веќе беа до сега поставени, да преминеме конкретно да ги реализираме. Координаторите на пратеничките групи, заедно со господинот Бајрам да се повлечеме за 10-тина минути да го формулираме овој предлог, за да нема недоразбирања.

Седницата не мора да ја прекинеме, ние да се повлечеме и за 10-тина или 15 минути, седницата нека продолжи да трае. Содржината ќе ја формулираме и ако има потреба да Ве известиме во паузата и останатите пратеници, како ќе имате желба, со текстот. Предлагам да одиме веднаш на работа, ако се согласувате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, да не му го скратувам на некого правото, дозволете ако треба ќе направиме пауза, но дали има потреба од пауза. Јас мислам дека нема потреба од пауза, но кога веќе инсистирате предлагам 10 минути пауза.

(Пауза од 10 минути). (По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 14,05 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа,

Продолжуваме со работа по точката 2 од утврдениот дневен ред на 27-та седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека интерпелацијата ви е доставена и поделена на сите.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Министерот нема ли да даде образложение?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Подносителот може да каже дека не треба, па зависно од тоа министерот може да одлучи дали ќе говори или не.

За збор се јави пратеничката Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Потпретседателе, почитувани пратеници, членови на Влада.

Дозволете ми, во името на пратеничката група на СДСМ да ги образложам причините и да ги изложам аргументите поради кои оваа пратеничка група ја поднесе, ја поднесува и во моментов интерпелацијата за работата на еден од членовите на Владата, а тоа е министерот за образование на Владата на Република Македонија, г-динот Ненад Новковски.

Декларираните заложби за време на предизборната кампања повторени и реафирмирани и при формирањето на новата Влада, меѓу другото и со самото експозе на премиерот за на некој начин инвестирани и тоа не само во материјална смисла во образованието, за посебен статус на образованието, за продолжување на реформите во образованието во насока на приближување кон искуство и стандарди на земјите од Европската унија и т.н. и т.н., сето тоа беа заложби кои беа и се поддржани од страна на ова Собрание и тоа претпоставувам од страна на сите пратеници и сите пратенички групи и од страна на македонската јавност.

Најавите, или поточно речено ветувањата за реформи во Собранието, за Програма 2000 за компјутеризација во основните и средни училишта, за програма 85 - спортски

сали во основните и средните училишта и т.н., кои што беа дел од предизборниот пакет ветувања, не се реализирани и изгледаат подалечно од кога и да е. Тие се препишани на сметка на Владата и ние како опозиција ги припишуваме на сметка на Владата, која овие заложби не само што не ги материјализираше ниту во предложениот Годишен буџет, ниту пак ги покажува со своите тековни активности.

Меѓутоа, пратеничката група на СДСМ смета дека клучен дел не само во не реализирањето на овие потреби, туку и во катастрофалното водење на политиката во образованието и речиси не разбирливиот број грешки кои се направија во оваа сфера, за вака кус период, па според тоа и најголемата одговорност сепак ги носи ресорниот министер. Тој не само што не ги реши потенцираните проблеми, не само што не ги започна ветените реформи, туку превзема чекори и водеше политика директно спротивставена и спротивна на потребите и интересите на образованието. Да почнам од почеток.

Министерот Новковски на самиот старт најави дека Министерството ќе преземе повеќе мерки и активности за подобрување на вкупните состојби во образованието, особено на материјално - финансиски и просторен план. Од сето тоа до денес не е направено ништо, што беше очигледно дури на самиот почеток на оваа година со усвојувањето на Предлогот на буџетот за 1999 година, во кој средствата одделени за образование беа намалени во однос на оние за 1998 година и тоа речиси по сите клучни точки.

Во таа прилика, а за ваквите состојби во образованието, поголема грижа чинам покажа матичната комисија во Собранието на РМ, Комисијата за образование и наука во која се реагираше со барање овие средства ако веќе не може да се зголемат, тогаш барем да останат на исто ниво со минатата година. Меѓутоа, во таквото барање, во таквиот став, дури не беше поддржана ниту од самиот ресорен министер, кој избра и да не присуствува на оваа седница на Комисијата на Собранието на РМ.

И не само тоа. Сведоци сме на влошување на општите состојби во образованието токму на финансиски план. Тоа се гледа и во фактот дека министерот побарал од единиците на локалната самоуправа да ги ослободи образовните установи од плаќање на некои надоместоци, додека некои училишта решија да собираат прилично високи средства во форма на партиципација на учениците, а со кои наводно ќе се подобри нивната моментална ситуација. Како резултат на ваквиот рестриктивен Буџет ветуваните зголемувања на платите на просветните работници, кои се експлоатира за време на изборите, меѓутоа и по нив беа заборавени. Годинава просветните работници не добија К-15, а се поприсутни се најавите за намалување на платите во одредени делови на образованието, за кои министерот не се изјаснува и ги остава да кружат во јавноста.

Второ, ветените реформи во образованието се фантомски, дури и во делот на законодавната иницијатива. Имено, до сега ниту собраниската комисија, ниту пак самото Собрание нема добиено, ниту пак дискутирано по било каков предлог закон од сферата на образованието. Собранието до сега расправаше и усвои единствено неколку ратификации, за кои патем речено како член на Комисијата за образование би сакала да коментирам, дури и самото Министерство, односно неговите претставници присутни на таа седница не беа комплетно запознаени. Значи, неколку ратификации, неколку иницијативи и прашања кои што доаѓаа, не од Министерството, туку од самите пратеници.

Во овој дел најкарактеристично е не донесувањето, па дури и не најавувањето на Законот за високо образование, кој беше најавен приоритет на Владата, кој што според зборовите и на министерот, според зборовите и на премиерот ќе биде изготвен веднаш по формирањето на Владата. Веќе се ближиме кон првата годишнина од изборот на Владата, најава за донесување на овој закон нема, освен што дознаваме од медиумите дека министерот Новковски има сериозна намера и она што досега е направено како реформа во високото образование да го укинат, а Универзитетот да се стави под строга државна или просто речена партиска контрола и сака да ја задуши стекнатата автономија, која е основен принцип во дејствувањето на универзитетите ширум светот.

Рецептот за укинување на автономност според најавите, а тие ниту се демантирани, ниту се контра аргументирани ќе се бара во осамениот пример од нашето соседство. Наместо дополнително стимулирање и продолжување на клучните реформски процеси на оваа мошне чувствителна тема, министерот Новковски презеде активности, кои во основа значат напуштање на реформскиот курс во образованието, што предизвикува незадоволство, револт и сомневање и кај просветно - образовниот кадар и кај родителите. Типичен пример, не единствен, туку типичен беше одлуката на министерот веќе широко дебатираното прашање, така наречениот проект “Пекснас", која беше проследена со цела серија пропусти грешки, гафови од страна на министерот. Имено, познато е дека министер со своја одлука го укина овој проект и сите оние кои беа вклучени во него ги остави на половина пат. И тоа не беше се. Тој во неколку наврати изјави: Овој проект е опасен за учениците...."и врз основа на нашите анализи, кои што патем речено ниту беа објавени, ниту беа објаснети, а во една прилика и самиот министер изјави дека не се извршени заклучивме дека треба да се

укине. Нема анализи, барем не објавени, нема ни податоци кои што ја поткрепија ваквата изјава.

Понатаму, министерот продолжи дека негативностите на проектот “Пекснас" се во не сообразеноста со образовните реформи, не компетентноста на лицата кои го водат, не соодветната законска основа, немањето стандардна педагошка евиденција и тоа што ваквиот проект ги оневозможува промените зацртани во предизборната програма. Затоа, дискутабилно е што министерот за образование подразбира под реформи на образованието, што разбира под воведувањето на нови наставни програми и планови во средните стручни училишта по проектот на ФАРЕ и општо под наше приближување кон Европскиот систем на образование, бидејќи токму проектот “Пекснас" во изминатите две години значеше реализација на еден од ваквите типови на настава. Затоа, во тек на една од дискусиите која ја водевме, меѓутоа и по ова прашање на Комисијата за образование и наука, побаравме од министерот да ги изложи своите размислувања и видувања за реформите во образованието и министерот навистина често пати истакнуваше дека целта е да се приближуваме кон европските системи на образование, целта е да се доближуваме кон искуствата за кои што гледаме дека се позитивни, целта е да изградиме систем кој што ќе биде по компатибилен со таквиот европски систем на образование. Меѓутоа, и на таа седница неколку од членовите на Комисијата обрнаа внимание дека придавката “Европски", не значи дека секој од именките кој што ќе придржува ќе ја направи позитивен. Дека кога ќе кажете европско образование, тоа значи некој работи. Тоа не е само термин кој што се употребува и дека токму потезите на Министерството одеа во насока на укинување, загрозување и угушување на се она што има основа да продефилира на придавката “Европски". Министерот Новковски често пати ја повторува потребата од образување на учениците, од страна на луѓе растени и воспитувани во духот на граѓанско општество, но очигледно е дека самиот има проблем од прифаќањето на таквата реалност. Како поинаку да се објасни непримерната реакција на министерот Новковски по оправданите и законски дозволиви реакции на учениците и родителите од проектот "Пекснас".

Министерот си дозволи да изјави дека овие деца се комплетирани со целото општество иако во неколку месечни критики од целата јавност за неговата целокупна работа, таков впечаток требаше да стекне за себе и за својата политика. Нивните конкретни протести си дозволи да ги оквалификува за српска свадба, без разлика што не знам што тоа значи. Случајот “Пекснас" беше само најевидентен пример на не потврденоста на министерот да сослуша поинакви мислења, за да дозволи поинакво гледање на образованието, да прифати аргументи и да не мисли дека во сферата на образование се може да почнува и завршува со актуелниот министер. Тврдоглавост и суета се генерално лоши човечки особини, меѓутоа се недозволива министерска пракса.

За апсурдот да биде поголем, по долгите протести на учениците и родителите, а со одлука на Владата укината е одлуката на министерот и дозволено е учениците од “Пекснас" да го завршат започнатото школување. Во тој момент, откако не ја доби поддршката од сопствената Влада, министерот требаше сам да ги поднесе оставка, бидејќи не би смеел да остане во Влада која поддржува, според негови зборови, проект опасен за учениците.

И денеска останува не одговорено прашањето, дали министерот Новковски го смени мислењето или спроведува политика во која и самиот не верува.

Во истиот период, министерот Новковски со својата таканаречена уписна политика во средните училишта направи хаос во уписната процедура, при што проблемите дојдоа особено до израз кај медицинските училишта, каде укинатите приемни испити повторно ги врати во игра само два дена пред нивното изведување правдајќи со квази образложение дека, тоа не се приемни испити, туку се тестови на знаења, како да приемните испити се тестови на незнаење.

Со овој неодговорен однос, кој очигледно е резултат на непознавањето на состојбите, приликите и проблемите во образованието, погрешните проценки, како и отпорност кон сугестиите и размислувањата на оние кои се поискусни, се создаде хаос за време на уписите од кои и учениците и родителите претрпеа непотребни трауми и големи неправди.

Четврто, министерот Новковски сите реформи во образованието ги сведе на кадровски чистки во подрачните единици на Министерството и во основните и средни училишта. Тој во оваа сфера ги напушти принципите на стручност и компетентност, а го воведе оној на партиска припадност и послушност, јавно изјавувајќи дека се пресметува со своите политички неистомисленици.

Имено, тој во едно од своите интервјуа вели: не разбираат дека војната е завршена, а дека тие се поразената страна и дека треба достоинствено да си одат на друго место. Ова скандалозна, најблаго речено изјава, со која министерот се обиде да ги објасни смените на сите началници во подрачните единици, сите потсекретари и помошници министри, повеќе од 20 советници во Педагошкиот завод и Министерството и т.н. и т.н., бидејќи е навистина тешко да се води сметка за овој број.

Останувaат прашањата дали се сите губитници на некоја војна во главата на министерот. Која е таа војна? Дали според министерот за образование во Владата на Република Македонија во оваа држава изборите не се демократски чин, туку вооружен судир. Дали според министерот после сите избори треба во Македонија треба да се организираат бегалски конвои, со кои сите што загубиле, според негови зборови, достоинствено ќе си заминат од државава. И, впрочем, каде замина министерот од 1994 година која неговата партија, според негови зборови, ја загуби војната. На ваков начин, во државата се изврши партиско инсталирање од највисоко до најниско ниво. Смените кои се вршат се без исклучок со луѓе од владеачката коалиција, кои според зборовите на министерот не биле идеолошки контаминирани. Не ретко без искуство во образованието, меѓутоа, често и без искуство воопшто. Често пати незаконски.

Во целокупната работа на министерот Новковски изостануваат образложенијата - тој не комуницира со јазикот на аргументите. Тоа е особено, но не единствено изразено токму во делот на кадровските чистки кај кои најголем дел од разрешувањата се даваат од заедничко образложение, заради непочитување и неспроведување на законите, укажувањата и препораките од Министерството за образование. Неколку примери само кој што се избрани сосема случајно, меѓутоа, кој што говорат за образованието.

Директорот на гимназијата во Неготино е сменет со истата оваа аргументација, меѓутоа, во неговата биографија стои не само дека е наградуван во Македонија, што претпоставувам дека министерот за образование ќе го релативизира, бидејќи било донесено во време кога тој не бил министер, меѓутоа и од страна на некои други држави, како што во случајов е Франција со одликување "витез на академски палми", меѓу другото поради бројните награди, кои ги добивале учениците на ова училиште додека тој бил директор, воведувањето и успешна реализација на проектот "Билингвални" паралелки, работен во соработка со неколку европски институции и т.н. и т.н.

И покрај ваквите резултати, според министерот тој не ги почитувал законите, укажувањата и препораките од Министерството за образование. Аргументи нема.

Во училиштето "Ѓошо Викентиев" во Кочани дошло до интересен, по малку и меѓу коалиционен проблем. Имено, ново поставениот директор кој според сопствените зборови дошол директор на ова училиште директно како член на ДА, а во согласност со кадровската меѓу кадровска распределба во Кочани, повторно според негови зборови, бил сменет со член на ВМРО-ДПМНЕ во рок од 20-тина по назначувањето. Во ситуацијата можеме дури и да го оставиме на страна фактот дека и во овој, како и во многуте други случаи најдиректно се признаваат меѓу партиските пазари и во сферата на образованието, кои што очигледно се сметаат за освоен имот по таа фамозна војна, кој сега треба да се дели. Во случајот ново поставениот директот е сменет по 20 дена со истото образложение, заради непочитување и неспроведување на законите, укажувањата и препораките на Министерството за образование по период од 20 дена, во кој тој не добил ниту едно укажување, ниту препорака од Министерството за образование, а тој дури не ја загубил војната според зборовите на министерот.

Дека не се работи само за не толеранција кон не своите, туку не се работи само не толеранција кон некое поинакво партиско определување, туку министерот едноставно не прифаќа поинакви размислувања, односно истите ги казнува, покажува и следен пример, кој што не би сакала со име да го наведувам, меѓутоа, се однесува на стручен соработник кој бил вработен во Министерството за иселеништво, кој доби отказно решение, значи престанок на работниот однос и без право на отказен рок, според образложението дадено од Министерството за иселеништво, кој што очигледно во ситуацијава дејствува во соработка со Министерството за образование, поради учество во протестите за проектот "Пекснас". Тоа е очигледно уште една жртва на војната, иако формално гледано од оваа војна, војната "Пекснас" ја загуби самиот министер, меѓутоа, тој ниту си замина, ниту тоа го направи достоинствено.

Станува јасно, дека за министерот за образование проектот реформи не е доволен, ниту ефикасен. Наместо за реформи, тој се одлучи за револуција. За жал во овој случај жртва на револуцијата нема да биде само нејзиното дете, т.е. министерот Новковски, туку тој со право после сето ова ќе ја понесе својата одговорност, туку и генерациите на сегашни и идни ученици чие образование неминовно ќе потпаѓа и ќе трпи од стереотипните и догматски стеги на министерот.

Ова беа некои од аргументациите, кои беа поднесени во текстот на интерпелацијата од страна на Пратеничката група на СДСМ пред 2 месеци, меѓутоа, од моментот на поднесување на оваа интерпелација до денеска до израз дојдоа некои други одлуки на министерот и на Министерството за образование, кои предизвикаа дополнителни нејаснотии, дополнителни незадоволства и покренаа многу прашања кои по правило останаа не одговорени.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:** (Продолжение)

Најпрвин учебната година започна во присуство и со учество на свештени лица, дури и

да ги тргнеме на страна, еве предлагам да ги тргнеме на страна прашањето од доменот на законската основаност, прашањето дали со овој член се повредува принципот на секуларизација, дали ова прашање и ваквиот чин го загрозува личниот однос кон религијата.

Самиот факт дека сево ова беше направено не плански, не транспарентно, не подготвено, не најавено или поточно речено во пет до 12 што очигледно е пракса на ова Министерство за да спречи било каква дебата, било каква расправа и било какви контра аргументи, ваквиот однос допринесе свечениот чин да биде потполно промашување во секоја смисла и да влијае дури негативно и на целта која што беше поставена од страна на министерот, а тоа е сликата за религијата и црквата токму кај младите. И за тоа своја одговорност треба да понесе министерот.

Во оваа прилика тој повторно го манифестираше својот однос кон поинакви мислења, па изјави дека прашањето треба или не треба веронаука е затворено Единствена така наречена аргументација која ја понуди беше фантомската или наводна анкета од дури 850 испитаници, деца, родители и наставници, од кои наводно цели 70% биле за. Кој ја изврши оваа анкета, кога таа се изврши, во кој период, каде се се тоа прашања кои што останаа не објаснети. Доколку целта беше однапред да се испита пулсот на јавноста, тогаш таа и порано ќе беше објавена, како впрочем и одлуката за почеток на учебната година со учество на свештени лица. Вака ни останува само да ја нарекуваме фантомски нереална, бидејќи дури ако била таа изведена, а земајќи ја предвид не толерантноста на министерот кон поинаку мислечки луѓе и идеи, прашање е колкав дел од испитаниците биле искрени плашејќи се за својата работа или за иднината на своите деца.

Понатаму следуваше одлуката за воведување на настава на турски јазик во Основното училиште "Моша Пијаде" во Центар Жупа, за учениците Македонци, чиј мајчин јазик е македонскиот, која Владата ја донесе на 8 август, но ја držеше во тајност се до почетокот на годината, што значи повторно да се стави јавноста во ситуација на завршена работа. Оваа одлука е спорна од повеќе причини. Принципот на образование на мајчин јазик, кој е дел од програмските заложби на речиси сите политички партии во Македонија, но неизоставен дел од Европските регулативи и пракса, кој што како таков одамна е прифатен во Македонија, во случајов е наполно погазен.

Денеска доаѓаме во апсурдна ситуација во Македонија, само еден дел од македонските деца, оние со исламска вероисповед да немаат право на образование на македонскиот мајчин јазик и тоа во основно училиште. Тие ќе учат на наставен јазик кој не го познаваат, а каков ќе биде квалитетот на таквото образование не е тешко да се претпостави. Дури и Сојузот на Македонци со исламска религија ја потсети јавноста со соопштение дека, Македонците со исламска религија се нераскинлив дел на македонскиот етнос и дека никој нема право да си поигрува со образованието на мајчин јазик на овие деца. Одговор на ваквото соопштение и ваквите тези не е добиен.

Во образложението на владиката одлука стои дека, таа се базира и на пресуда на Врховниот суд што беше демантирано од страна токму на овој суд. Што значи дека, владината одлука најотворено пласираше дезинформации. И уште пострашно, очигледно е дека случајот во Центар Жупа претставува само пробен балон за ваквата иницијатива за јазичен и образовен притисок, бодејќи во Министерството за образование, според информациите кои што беа обфатени веќе пристигаат идентични барања и од други средини, во кои што живее македонско население со муслиманска вероисповед. Тоа впрочем сега може или да ни го потврди, или да ни го демантира и самиот министер.

Последната капка која ја прели оваа т.н. образовна чаша и за која министерот за образование не се понуди дури ни да понуди било какво објаснение за состојбите во сферата на студентскиот стандард. Факт е дека, да почнам од најлесното дека, конкурсите за 1000 стипендии, 2000 кредити оваа година доцнеа во споредба со објавувањето од минатите години при што можеби дел од причините лежат во фактот дека потсекретарот токму за студентски стандард на ова место, дојде исто така без било какво работно искуство. Се зборува, не е демантирано дека тоа е уште еден од повеќето успешни, адаптибилни над се нашинци од Австралија, кои очигледно се смета дека во секој момент можат да се уфрлаат во било кое од одговорните места во македонската администрација без познавање на состојбите, ниту искуства во нивното решавање.

Затоа, министерот да одговори каде ги гледаше квалитетите на овој висок член на неговата администрација и дали е подготвен да ги сноси и лично последиците од неговата неквалитетна работа. А дека работите се трули во оваа сфера на Министерството за образование, сведочи хаосот кој што се создаде по прашањето на сместување во студентските домови. Мала хронологија за оние кои што не ги следеа тие состојби, по објавувањето на прелиминарната листа за сместување на студенти, подготвена од страна на Студентскиот центар, само неколку дена потоа, Министерството ја објави финалната листа, која што подразбираше сместување на 2823 студенти, која што е целосно различна од прелиминарната и за која ова е особено значајно, студентите немаат право на жалба. Па се случи студент кој што на прелиминарната листа бил рангиран на 233 место и според тоа немал право на сместување, да стане рангиран на финалната листа на трето место. Некој од 172 место, на прво место, некој кој што бил на 15 место и поради тоа имал приоритет во сместувањето и добил соба во

Студентскиот дом "Гоце Делчев", дошол наеднаш на 60 место и добил сместување во "Стив Наумов". Од 110 место на листата на чекање некој дошол на второто место, од 111 место на 18-то место и т.н. Последниот на прелиминарната листа на пример добил апсолвентска односно еднокреветна соба во "Гоце Делчев", која што се смета за апсолутно најдобар избор, или апсолутно најдобро сместување. При тоа овие промени кои што се изведени преку ноќ, а постоеше обид да се објаснат со дуење на оценките, за кое ако постоело некој треба и да одговара и тоа е исто во ингеренциите на министерот.

Значи овие промени не се ниту малку случајни. По правило поместувањата нагоре се драстични и строго партиски, или пријателски. Така членовите на СДСМ, оние барем кои што и биле познати на структурата на ВМРО-ДПМНЕ, се тие кои што на финалната листа се драстично подолу по правило подолу. Еден од членовите на ВМРО-ДПМНЕ, еден од членовите на нивниот општински Комитет успеа да добие сместување во апсолвентска, односно еднокреветна соба во Студентскиот дом "Стив Наумов" и покрај тоа што покрај вонреден студент нема право на тоа ниту пак можност постои, на еден студен на Скопскиот Универзитет не му е дадено сместување со образложение директно јасно и гласно смени си го презимето, заради тоа што тој студент имал пех да има исто презиме и покрај тоа што не е роднина, како и еден од потпретседателите на СДСМ. Двајца студенти кои што беа идентификувани и јавно познати дека ги скинаа ливчињата за гласање, при изборот за претседател на Сојузот на студенти, кога се виде кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ нема шанси да победи тие се сега соодветно наградени со еднокреветни соби во "Гоце Делчев". Интересен е и случајот за кој што се разговара не е демантиран дека во собите на еден од домовите е сместена надвор од сите правила и прописи, вработена личност која што не е студент и т.н., и т.н. Сево ова кулминираше со последните изјави на министерот со кои не само што тој не ги демантираше ваквите тези и мислења во јавноста, а тоа дека сместувањето го врши строго под директен притисок и водство на ВМРО – ДПМНЕ, туку потврди дека тој лично и дополнително ќе може да се уфрли со сместување на студенти по сопствен вкус.

Така министерот јавно призна дека тој има неотуѓиво право да располага со одреден број легла, тој ја спомена бројката од 200 легла, што е апсолутно не за занемарување, меѓутоа математиката вели доколку вкупните капацитети во студентскиот центар изнесуваат 4080 места, а доколку вкупно се доделени околу 2823 места дека на некој начин мистериозно се исчезнати над 1000 легла, кои што очигледно се изгубени низ партиските лавиринти и комитети на ВМРО-ДПМНЕ.

Сево ова се прашања кои што во јавноста широко се дебатираа, по малку и беше тешко оваа Интерпелација да излезе надвор од прашањата, кои што доминираа во јавноста, а се однесуваа на сферата на образование. Меѓутоа, тоа се багаж кој што ова Министерство, овој министер па на крајот на краиштата и оваа Влада ќе мора да ги поднесе. Секогаш при поставувањето на прашањето на интерпелација, секогаш при поставувањето на прашањето на одговорност од страна на една опозициона партија, кон некои од членовите на владината коалиција носи со себе дилема, дали да се постави тоа прашање, дали има воопшто некој резон, дали да се истрае на таа интерпелација и на тоа барање, дали да се покаже надеж дека некој од членовите на владината коалиција сепак ќе ги има во предвид овие аргументи, ќе ги има во предвид овие пропусти и дека сепак на крајот на краиштата ќе гласа онака како што му налага совеста. Оваа дилема постоеше и досега, оваа дилема постои и кај пратеничката група и кај мене и пред поставување на оваа интерпелација, меѓутоа факт е дека секој од нас како пратеник на Собранието на РМ има поединечна одговорност и секој ќе си ја поднесе таа одговорност. Водени од таа логика, а заради сите овие причини наведени во интерпелацијата и во образложението, меѓутоа и други аргументи и проблематични одлуки на министерот, за кои што стана свесна целата македонска јавност и заради кои истата постојано беше бранувана СДСМ, односно неговата пратеничка група ја поднесува и останува на предлогот за интерпелација на министерот Новковски.

Јас се надевам дека и по усменото образложение на интерпелацијата, сепак иако тоа можеше да се направи откако интерпелацијата беше писмено поднесена, после сите прашања кои што се поставуваа во јавноста, покрај сите дилеми кои што се поставуваа и меѓу учениците и меѓу нивните родители дека, министерот за образование во Владата на РМ сепак ќе понуди можност да се дискутираат овие работи и ќе одговори сериозно и аргументирано барем на дел од овие обвинувања и дел на овие прашања.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, бидејќи проблемите околу образованието се меѓу најглавните проблеми со кои се соочуваат денеска Албанците во Македонија, а тоа воедно е и најупотребениот или злоупотребениот проблем во сите предизборни кампањи, би сакале да имаме нешто повеќе информации околу овие проблеми, добивајќи одговор на неколкуте прашања што ќе ги поставиме.

Првото прашање се однесува околу бројот на албанските ученици кои завршуваат основно училиште и оние кои успеваат да си го продолжат средното образование, иако во оваа школска година се отворија неколку додатни

паралелки за настава на албански јазик во неколку средни училишта во Републиката, што е за поздравување. Сепак, постои голема разлика или дисбаланс помеѓу албанските ученици, кои го завршуваат основното образование и оние кои успеваат да се запишат во некои од средните училишта, кој процент е многу далеку од средниот процент во Републикава.

Па затоа, заинтересирани сме да знаеме како надлежното министерство гледа на овој проблем и дали ова министерство намерава да преземе некои по конкретни и по сериозни чекори, околу решавањето на истиот. Тесно поврзано со овој е и проблемот околу објектите, во кои се одвива наставата во средните и основните училишта. Така што во голем дел тие се застарени објекти, кои не само што не ги исполнуваат условите за едно квалитативно и модерно одвивање на наставата, туку како такви се премали за бројот на учениците кои се школуваат во тие објекти.

Така што не се ретки случаите кога учениците се приморани да ја посетуваат наставата и во три смени. Од друга страна кога се има предвид литературата и учебниците кои се употребуваат во основното и средното образование на албански јазик и тука има неколку забелешки, а најглавната е топономастиката употребена во овие книги, која е се уште македонска и не кореспондира со фонетиката на албански јазик. Сметам дека тоа е голем и сериозен проблем, кој укажува на тоа, бидејќи политиката се уште се меша и во фонетската структура на јазикот. Свесни сме дека овие проблеми не се проблеми направени од овој состав на министерството, или Владата, туку тие се наследени од поранешните влади, Но, обврска е на ова Министерство што поитно да се преземе мерки за решавањето на овој проблем.

Што се однесува до високото образование и тука постојат неколку проблеми. Така, иако при секоја нова академска година опкружуваат вестите дека околу 20% од местава во македонскиве Универзитети, се резервирани за албанските ученици, тоа ниту приближно не е реализирано, а во некои од најбараните факултети не се ретки случаите кога за еден албански индекс си конкурираат голем број на македонски ученици, но привремено преобразени во албанци. Па затоа и во овој случај би било добро да се произнесе надлежното министерство, како гледа на овој проблем можеби најневралгичниот во Републикава, како намерава да дојде до некое решавање на проблемот и дали Министерството за образование мисли дека, можеби една од најдобрите солуции за решавањето на овој проблем е институционализирањето на Тетовскиот Универзитет и тоа како трет Универзитет во Републикава. А ова не е мислење само на Албанците во Македонија, туку и на голем дел од западноевропските релевантни фактори, кои гледаат на тоа како еден од најбитните елементи за долготрајно стабилизирање на РМ.

Друг проблем за кој е посебно заинтересирана албанската јавност е проблемот околу соработката на Владата на РМ и Владата на Република Албанија, во областа на образованието. Свесни сме дека и во овој состав, или и во третиот мандат на ова Собрание, Владата на РМ си склучи неколку договори со други влади во областа на образованието со една единствена цел да си ја развиваат соработката во доменот на образованието па и да си ја забрзаат можноста за што побрзо интегрирање на РМ, во европскиот културен простор. Но, мислиме дека меѓу првите држави со кои РМ треба да си склучи еден таков договор, треба да биде и Република Албанија и тоа не само како соседна држава, не само заради тоа што во Македонија еден добар дел од населението е од албанска народност, туку заради еден многу важен факт, што еден голем дел од албанските ученици во Македонија студираат или ги имаат завршено студиите во некои од албанските Универзитети во Република Албанија. Без потпишувањето на еден таков договор помеѓу Владата на РМ и Владата на Република Албанија овие високо образовани луѓе се поставуваат во една независна положба, односно на овие луѓе им се ускратува правото да бидат рамноправни, конкурентни во разните конкурси за работни места што се отвараат во многубројните институции низ Републикава. Со склучувањето на еден таков договор Владата на РМ нема да изгуби ништо, туку напротив ќе си добие еден голем контингент на високо образовани луѓе, за чие што образование таа не потрошила ниту еден денар. Имаме сознание дека еден таков договор меѓу двете Влади е направен пред извесно време, но од непознати причини неговото потпишување е стопирано.

Затоа и во овој случај заинтересирани сме да знаеме до каде е стигнато со потпишувањето на овој договор, каде е проблемот ако тој воопшто постои и дали постои волја и можност за негово потпишување во блиска иднина.

Сите горенаведени факти кои ги спомнавме важат и за Приштинскиот Универзитет и мислиме дека еден сличен договор треба да се потпише и помеѓу Приштинскиот и Скопскиот Универзитет.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, колеги пратеници, кога се подготвував за оваа точка од дневниот ред размислував како да се обратам и на кој начин да го искажам она што го чувствувам како пратеник, кој доаѓа директно од образованието, каде поминав повеќе од 25 години.

Сега има предлагач на интерпелацијата, а тоа е пратеничката група на СДСМ и редно е да

се одговори на неа, со што ќе се поддржи, или ќе се отфрли. Сметам дека е најдобро да одам точка по точка како и предлагачот и да дадам свое образложение на видувањата на нештата.

Прво, господата од СДСМ велат дека уписната политика оваа година министерот Новковски ја закочил, односно ги закочил со неа реформските процеси во образованието. Мислат ли тие дека направија револуционерен зафат со тоа што го воведоа приемниот испит во сите средни училишта, без исклучок дали на конкурсите се јавиле поголем број на кандидати од потребниот за упис во одредени училишта, или ќе се јавиле ниту 10%. Господа од СДСМ оваа година од полагањето на приемните испити беа поштедени 24 илјади осмооделенци, кои требаше да се запишат во средните училишта, што значи беа поштедени 24 илјади семејства, помножете по четири, ќе видите колку граѓани на Македонија биле ослободени од непотребниот стрес. Оние ученици кои сакаат да се запишат во медицинските училишта, а бројот е некаде околу 1000 и беа еднакви по успех, за да се направи ранг листа се спроведе еден додатен критериум, кој беше најавен во конкурсот, пишуваше дека таков додатен критериум ќе има. И за прв пат во историјата на македонското средно образование, откако постои Македонија како самостојна, мина без забелешки, бидејќи на ранг листите за прв пат беа ученици од најразлични училишта, вклучително и добар дел од селските, од околината на Скопје и пошироко што досега се нема случено. И кога ги гледаа ранг листите, примените кандидати не можеа да си поверуваат на сопствените очи со констатацијата, па јас сум примен, или примена, имало правда. Ми се случуваше на улица, бидејќи голем број скопјани ме познаваат да ме застанат и да ми честитаат со: браво професоре, за ова што го направи министерот Новковски, затоа што не верував дека моето дете ќе се запише. Што ќе каже еден мој бивш ученик, бидејќи неговата ќерка била запишана во медицинско училиште, иако претпоставувал дека однапред како и досега се е наредено, велат господата од СДСМ дека ова е чувствителна сфера, мислам уписите и т.н. се согласувам. Тие оваа чувствителна сфера години наназад, господа пратеници, ја користеа само да си играат со чувствата на децата и со чувствата на нивните родители и на целото семејство и ништо повеќе од тоа.

Второ, за господата од СДСМ, министерот Новковски и коалицијата за промени многу ветувале за подобрување на материјалната положба во образованието. Точно г. од СДСМ, ветувавме и од тоа не отстапуваме. Брзо тие позитивни промени ќе се почувствуваат, но не очекуваме од вас, иако тоа сте вие дека такви и толкави дубиози имате направено во образованието. Еве да ви кажам дека во училиштето "Лазо Ангеловски", каде директорката беше советник од СДСМ во советот на општина Кисела Вода, ова го кажувам за да не речете дека не е ваш директор, само за телефонски разговор на училишниот телефон месечно правела над 200.000 денари. На самиот ден на изборите на врска со мобилниот на кандидатот на пратеник во СДСМ во изборната единица 69 останала ни помалку ни повеќе туку 4 часа непрекинато, а водела и многу меѓународни разговори, не барем амбасадор или министер за надворешни работи, а за цвеќиња и други поклони за тогашната министерка за образование и за тогашните потсекретари трошела позамашни суми, за да го остави училиштето во долг од верувале или не 1 милион денари. Толку е сметката на тоа училиште заглавено. Од самиот ден 1 ноември, ден кога се само назначи за потсекретар на основното образование, таа директорка на "Лазо Ангеловски", до тогаш се само назначи, бидејќи министерката веќе не беше тука, а само министерот потпишува назначување потсекретар на основно, средно и т.н. образование.

Еден друг случај пак, во угостителското училиште се сменети само штрафовите на покривот, а тогашната директорка од СДСМ со луѓе од министерството исплатила милионски суми во денари, како да е сменет целиот покрив на училиштето. Со оваа работа финансиската полиција ќе мора да се позабави. Таква и слична состојба е затекната во многу други училишта, заради што министерот Новковски добар дел од директорите поставени во времето на СДСМ мораше да ги разреши.

Трето, за еден раководен тим да спроведе и реализира една програма, потребно е да собере околу себе истомисленици или барем поддржувачи или луѓе кои ќе веруваат во таа програма, а не како сега што му се случува на нашиот министер, одредени одлуки, упатства и писма, за да стигнат до најблиското училиште, до министерството кое е само на 200 метра патуваат 15 дена. Значи уште таа администрација прави неверојатни инструкции. Што сакам со ова да кажам? Добар дел од постојната затекната администрација, најбезобразно ја закочува секоја добра идеја и прави се таа да не успее да стигне до таму за каде е наменета, или ако стигне веќе е касно, и што е можно помалку да се почувствуваат ефектите од неа. Таквиот однос на луѓето од администрацијата во образованието на најдиректен начин придонесува за бламажа на луѓето, кои дојдоа од коалицијата на истурени позиции во образованието. Тоа е причината што г. министер Новковски ги менува луѓето во образованието. Друга причина нема, а јас добро знам дали можеше човек да дојде и до најмала позиција во образованието, ако не беше проверен од вас г. од СДСМ.

Четврто, г. од СДСМ велите, еве веќе се ближи една година откако сме на власт, а од Законот за високо образование нема ништо, Коалицијата за промени тој закон го донесе, но што правевте вие 8 години, случај Мала Речица, Педагошки факултет, само тоа што

требаше, не а за автономијата на универзитетите во време на вашето владеење што да се каже, не можеше да се запише на по атрактивен факултет, ако не е ваш или близок на вас, освен ако навистина е талент. Така на стоматолошкиот факултет минатата година требаше да се запишат 45 редовни и 15 вонредни студенти. Ова се точни податоци. Но, што се случи. Се запишаа 187 студенти повеќе за 127, или во проценти 210% повеќе. Иста е состојбата и на медицинскиот и на фармацевскиот факултет, каде години наназад се запишуваат студенти кои ниту полагале, ниту положиле испити. Еве уште една фарса со приемните испити, на кое и да е ниво на образование. А пак за уписот на воената академија во првата генерација и да не зборуваме. 30 питомци во таа генерација прва влегоја во касарната без никаков приемен испит и без давање свечена обврска, бидејќи дојдоа откако веќе имаа дадено свечена обврска другите. Најодговорно тоа го кажувам. Децата на многу родители останаа само со пуста желба некогаш да се видат во офицерска униформа и засекогаш да го решат проблемот, кои од секогаш ги мачеле нивните родители, проблемот на сиромаштијата и можноста да се високо образуваат.

Пето, кога сме веќе кај проектот, како што јас умеам да кажам, без проект "ПЕКСНАС". Нема проект. Каков проект. Измислена работа.

**ИЛИЈА ЛАЗАРЕВ:** (Продолжение)

Јас на една седница барав министерот Новковски да даде една информација по која Парламентот ќе расправа. Барав тогаш во таа информација да биде дадено кој орган дал согласност да се реализира овој проблем, кој ги предлага и кој ги донесува наставните програми за работа на овој проект, кој врши инспекциски увид во педагошката документација и реализација на донесените планови и програми, кој ги потпишува сведителствата, чии печат носат и каков е увидот на тоа лице во реализацијата на наставата, колку го чини министерството една паралелка годишно од овој проект и споредбено колку чини една паралелка од редовна настава во Корчагин, со кој процент партиципираат родителите во трошоците кои ги поднесува министерството, какви резултати постигнуваат учениците од "ПЕКСНАС" на натпреварите со нивните врсници по математика, физика, македонски јазик, историја и т.н., каков третман ќе имаат тие при уписот на факултетите во нашата земја.

Меѓутоа тоа беше протолкувано како пратеничко прашање, но еве сега сакам да кажам за моето видување како човек кој целиот досегашен работен стаж го поминал во образованието.

а) Верификацијата на овој квази проект е гимназиско образование, а учениците само во прва година учат математика, задолжително, додека пак физика, хемија, биологија и географија не се обврзни да ги изучуваат, замислете г. пратеници. Во четврта година се оди дотаму што, учениците немаат предметна настава, туку така демек, ќе изготвувале проект.

б) Квази проектот фер учење "ПЕКСНАС", дозволува со 21 предмет ученикот да матурира, а во редовните гимназиски струки, ученикот стигнува до матура со околу 40-тина предмети, во 4 годишното школување.

ц) Никаде по белиот свет мајчин јазик и национална историја не се изборни предмети. Во "ПЕКСНАС" тоа е најнормално.

д) Во трета наставна година која тече и еве денес 24.09.1999 година, се уште не е донесена наставна програма за 3 година. Значи учениците одат и се враќаат од училиште и ништо не прават, а неа треба да ја одобри Државниот педагошки совет и да ја верифицира министерот за образование.

е) Предметот регионална географија, еве еден интересен предмет што изучуваат кој го изучуваат во втора година, само 10 ученици од вкупно 50 во таа генерација, чини 5 илјади марки само за превод и рецензија, а како материја го опфаќа северниот дел од Сахара. Тоа се изучува во најфер училиштето. Да кажам дека учениците партиципираат со 600 марки и тие средства се потрошени само за предметот географија, а другите предмети, а да не зборуваме дека има предмети кои ги одбрал само еден од учениците и само за него се преведува учебник и тој кошта 6.000 марки. Какво расфрлање на државни средства за "талентираните" синови и ќерки. Фер учење нема што.

Во редовното гимназиско образование, еден ученик заедницата ја чини 6 условно не квалификувани работници, а во "ПЕКСНАС" ни помалку ни повеќе туку 14 условно неквалификувани. Двете паралелки чинат колку пола и повеќе од Корчагин.

Но, г. родители нека повелат нека си ги сносат трошоците над нормалата. Оваа учебна година 116 ученици треба да изберат од 93 различни предмети, прават избор, таму има изборни кредити, меѓу кои постојат еве и вакви предмети: анимиран филм, филмска географија, филмски бизнис, складирање на нуклеарен отпад, функционирање на човековото тело, современа историја, а зборува за француската револуција и многу други. Кој е доволно квалификуван да ги предава горе споменатите предмети, како што ви реков еве филмски бизнис. Кој бизнис во Македонија ќе го развиваат, јас не знам, за каде ги спремаме тие ученици.

Проектот го водат двајца електро инженери, што ми се чини дека тоа доста лошо го прават, но за жал на учениците кои најмалку се виновни, изманипулирани, заведени и трајно оштетени, со лузни во нивното образование.

г) Сега јас малку ќе се вратам на тоа што е нашето решение.

И сосема на крај да кажам дека со нашето образование не е се во ред. Мислам дека, програмата ФАРЕ е таа која нашиот образовен систем ќе го направи компатибилен со европските образовни системи и што е најважно целата постапка околу ФАРЕ ја води министерството и со тоа на оваа програма и се дава легитимитет и поддршка од Владата на РМ.

Еве тоа беше според интерпелацијата, а бидејќи во меѓувреме како што кажа г-ѓицата Шеќеринска се случија и нови пропусти, јас сакам да кажам, добро е тоа што го покренаа околу сместувањето во студентските домови.

Знаеме дека прелиминарната листа што се истакна, ја направи гарнитурата што беше вработена во студентскиот центар. Вработените на чело со г. до 1 септември директор Џајковски, огласена беше без печат на латиница. За тоа треба да се казнат, дека ние имаме закон, вие го донесовте за заштита на писмото.

При формирањето на конечната листа ревизија се изврши за што министерот формира посебна комисија и што е се најдено таму, дузина документи кои се поднесувани, се правени преправки со коректор дека, немал никакви примања и т.н., иако родителот е директор во некои од претпријатијата во внатрешноста, затоа што тоа се места за студентите кои доаѓаат од внатрешноста.

Велат министерот задржал 800 места за сместување, заборавајќи да кажат дека од тие 800 места 715 се резервирани за бруцошите, кои допрва ќе бидат поделени, а разликата од 715 до 800 се за потребите на студентската организација, за потребите на министерството за иселеништво и студенти кои се од нашето непосредно соседство, Македонци, знаете дека имаме такви што се школуваат тука на факултетите од Албанија, од Бугарија, не знам од Србија и од Грција дали има, а студираат овде во Македонија. Тоа вие тогаш сте го направиле и мислам дека е многу разумен потег тие луѓе да се прифаќаат.

Сакам нешто да кажам и за ситуацијата која ни е најсвежа. Имено минатата година јавно се нудеше легло за членска книшка на СДСМ, за што беа оставени 500 места празни, верувале или не и се нудеа за членска книшка легло, под услов гласовите на потесното и на поширокото семејство да бидат гарантирани за кандидатите пратеници на СДСМ, или на нивната пропорционална листа. Но, за жал на луѓето од СДСМ, а за среќа наша од тие места, околу 200 останаа празни. Дури не сакаа ни за книшка да го земат местото. Дури во март веќе се пополнија, иако голем број на студенти се потиснуваа во влажни простории. Еве баш денес читам еден виц каде студентот се жали, вели многу ми е влажна почнаа печурки да никнуваат во мојата просторија. Вика да не сакате да ви растат помаранџи за тие пари.

Досега едно легло од членовите на СДСМ младина, го нудеше за цена од 100 до 500 марки, тоа е од студенти, не го измислувам, со што по кажување на студенти, одредени фаци од СДСМ младина купиле и станови во Скопје, бидејќи по дваесет места си делеле и ги продаваат. Дваесет места, 10 илјади марки оваа година, за четири години 40 илјади марки. Значи едниособен стан во Скопје. А за малверзациите во студентскиот дом, за посдипломци и да не зборуваме. Луѓе кои докторираат и живеат, дури бараат право да им се отстапат тие станови. Се знаеше кои можеше да влезе таму. Знаеме исто така дека, во февруари или март не знам кога беше имавме демонстрации од студентите во Стив Наумов студентскиот дом, околу тоа какви се бараките, какви се условите во тој студентски дом и т.н., како тоа да се случи тогаш. Меѓутоа еве министерството смогна сили, ги преуреди тие бараки и сега се доста добро направени, уредени, така што и тој проблем го надминавме, а се можело тоа да се направи. Денес случајно се најдов во студентскиот центар и да ви кажам 3,5 милиони денари е заглавена сметката за неплатена електрична енергија на студентскиот центар и денес беа да му ја исклучат електричната енергија. Директорот рече, некаде околу 1 милион марки е заглавена исто така со обврски не платени, фактури пристигнати, пред тоа потрошено не наплатено. Тоа се зборови на директорот.

И на крајот нешто за наставата на турски јазик, тоа што се дигна прашина.

Се согласувам, не одвоив дел од македонската нација, од македонското население кое припаѓа на Македонци со исламска вероисповест. Меѓутоа лична работа е убедувањето кој јазик ќе го изучува и како ќе се чувствува, дали ќе се чувствува Турчин или Македонец.

Сметам дека тука не е направена никаква грешка. Жалосно е што досега добар дел младинци од Центар Жупа, бојкотирале со години наназад настава и останале неписмени, а сега министерството изготвува скратени програми, да може тие луѓе да ги воведе во живот, да се описменат, да можат да се образуваат натаму. Направени се тестирања, така што ќе се вратат, иако имаат 14-15 години, да можат да се стекнат со свидетелства за 5, 6, 7 и 8 одделение.

Сметам дека нашата Влада, македонската Влада, сегашната Влада, не направила ништо надвор од тоа што го

дозволуваат законските прописи, законите кои што ги донесовте Вие. Вие, така во нив запишавте дека секој има право да се чувствува така како што сака и има право да учи на оној јазик, кој што го чувствува како свој мајчин јазик.

Меѓутоа, верувам дека добар дел од тие деца и јас можеби се врши одредена тортура на нив, меѓутоа, тука треба да се ангажираат други организации и други луѓе дека, ако има такво малтретирање на малолетниците, па да видиме, можеби има и такви грешки, такви пропусти. А, да не кажам дека во центар Жупа години наназад не е подготвуван кадар, кој што ќе ја изведува наставата на македонски наставен јазик. Таму настава на македонски наставен јазик држеа наставници од Источна Македонија, од Струмица, од Радовиш, од Штип и т.н. Еве, баш завчера на прес конференција потсекретарот кажа колку луѓе за прв пат после 15-16 години се враќаат во Источна Македонија во своите родни места, каде што им се и живеалиштата. За жал, еве толку години значи никаква кадровска политика не е направена, за да може да се обезбеди кадар и да може да се обезбеди тоа население таму.

Инаку, оваа година во прво одделение на наставен турски јазик се запишани две паралелки, а една паралелка е запишана на македонски наставен јазик. Тоа е желбата на учениците, тоа е желбата на нивните родители.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Илија Лазаров.

Господа пратеници, вообичаено е во ова време да дадеме малку пауза за да се одморите.

Ако не сте уморени, тогаш да се договориме нешто друго.

Имено, да работиме без пауза до 18,00 часот, бидејќи почнува викенд, а има и најавувања од Демократската алтернатива за некој состанок, да работиме до 18,00 часот без пауза.

Во тој случај да продолжиме со работа и да одиме до 18,00 часот и да знаете дека договор имаме до 18,00 часот.

Ние ако не завршиме со оваа седница денес до 18,00 часот ќе си продолжиме, вторник, среда и се до почетокот до на изборната кампања.

Но, добро, да продолжиме.

Процедурално за збор се јави господинот Благоја Ханџиски.

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Сосема кратко, ако бидеме дисциплинирани сите, на пример, можеме да се договориме само половина час да ручаме, па да работиме до 18,00 часот.

Ако мислете вака да продолжиме, може да ни се случи да ни се осипе составот и ништо да не направиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе видиме како ќе биде тоа, ако се осипе составот, тогаш ќе ја прекинам седницата, а сега за сега имаме услови за работа и ќе работиме.

Но, и онака никој не Ви забранува да излезете да се одморите и т.н.

Според тоа, продолжуваме со работа.

Инаку, да Ви кажам, најтешко ми е мене овде, сите Вие излегувате можете, а јас морам да седам овде.

Продолжуваме со работа.

Збор има господинот пратеник Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, ценети министри, дами и господа пратеници, Интерпелацијата за работата на министерот за образование во Владата на Република Македонија г-динот Ненад Новковски, за мене е не прифатлива. Бидејќи, изнесените констатации се произволни и не аргументирани. Сите 5 забелешки, а и овие дополнувања што сега се изнесоа во образложението за работата на министерот г-динот Ненад Новковски, се без основа и напротив, со оваа интерпелација како да се сака да се направи на министерот г-дин Новковски малку маркетинг и реклама. Еве зошто.

Прво, министерот г-дин Ненад Новковски е човек со високи стручни, морални и човечки квалитети. Тој е универзитетски наставник со највисоко наставно - научно звање, човек што произлегува од образованието, од Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“.

На министерот само г. Ненад Новковски му се забележува дека го напуштил реформскиот курс во образованието, во образовниот процес. Баш напротив, со помош на Програмата на ФАРЕ во тек е спроведување на реформа во средното стручно образование и тоа во 16 стручни училишта. Опфатени се сите струки со тенденција во наредните години да се прошири и да се заокружи целиот образовен процес во РМ. Реформата, г. пратеници, е неминовност, бидејќи голем број стручни лица кај нас останата невработени, од причина што кај нас се распаднаа многу фабрики, кои што беа правени со големи гломазни системи.

Постојните наставни планови и програми се гломазни и не прифатливи, бидејќи тие се правени за едни големи системи и фабрики, како што беа Железара, ФЕНИ, "11 Октомври " и др., кои се распаднаа и притоа остана голем број невработени стручни лица. Со новите наставни програми и планови ќе се врши обучување и остручување на кандидати, кои ќе бидат оспособени да се вклучат во работата во мали и средни претпријатија. Развојот на нашата земја треба да се темели токму врз мали и средни претпријатија, а не како досега да градиме огромни системи, кои со нивното распаѓање ќе

предизвикуваат огромни социјални удари врз целата наша држава.

Овие реформи се што ги спроведува Министерството за образование се приспособени врз потребите од пазарот и врз база на тоа се одредуваат струките, а после тоа се изготвуваат наставни планови и програми. Се наоѓаат партнери од странство за обука на наставници и ученици. Набавени се нови наставни и надлежни средства, со кои ќе се овозможи потесно остручување на учениците. Со помош на специјалната опрема учениците ќе се остручуваат и ќе бидат оспособени веднаш да се вклучат во производниот процес и да придонеса во развојот на македонското стопанство.

Наставните планови и програми од ФАРЕ се по стандардите од Европската Унија, каде што ние како држава во блиска иднина треба да влеземе. Со вакви стручни реформи што ги прави министерот г. Новковски и Министерството за образование ќе го симнеме и проблемот со нострификацијата на дипломите. На тој начин ќе имаме слободна циркулација на нашите стручни кадри низ земјите на ЕУ и обратно, кадрите од ЕУ ќе можат несметано да се вклучат во нашето стопанство. Тоа, мора да се признае, претставува огромен реформски зафат, што заслужува почитување. Министерот г. Ненад Новковски изврши и реформски зафати во администрацијата од Министерството за образование. Гломазната администрација рапидно е намалена, а подрачните единици низ целата држава се претворени во вистински претставници на Министерството за образование, ослободени од административни работници, секретарки, шофери и што ти не други пропратни, непотребни оптоварувања за Министерството. Се се тоа зафати со цел да се подобри материјалната база на Министерството за образование, при што образовниот денар да се троши строго наменски таму и за што се двои.

Една од главните забелешки за работата на министерот г. Ненад Новковски се извршени кадровските промени. Тие, морам да признам, се извршени законски и со институцијата конкурс. На овие места дојдоа стручни лица, дојдоа образовани луѓе, дојдоа луѓе кои што сепак, можат да го понесат теретот на раководната функција во одредените училишта и образовни центри. Дел од раководниот кадар во училиштата си остана истиот. Но, кога сме кај промените мора да се каже и другата димензија на проблемот. Многу директори беа поврзани со одредени експоненти од тогашното Министерство за образование од претходната власт на СДСМ и буквално имаа разработено систем за перење на пари. Така што, голем дел од тешко собраниот образовен денар, што го даваа сите граѓани на РМ се влеваше во приватни џепови. Се правеа, дами и г. -пратеници, фиктивни доградби, фиктивни реконструкции, менување на кровови и други измислени позиции и сето тоа го правеа едните исти прифатени фирми. Тоа беше толку одомаќено во Министерството за образование, што беа неминовно потребни одредени брзи промени на директори. Таквото перење на пари имаше во основното, во средното и во високото образование на двата Универзитета во државава. Секаде каде Министерството за образование требаше, навистина, да гради, навистина да доградува и навистина да реконструира. Тоа убаво го знаат и бившите директори и бившите членици од Министерството за образование. И, добро е што министерот за образование г. Ненад Новковски тука реагираше брзо и консеквентно.

Затоа, во оваа прилика толку, бидејќи тоа е една долга и посебна приказна каде што се надлежни, треба да се вмешаат луѓето од прогонот од полицијата и до судството.

Министерот за образование г. Ненад Новковски има оправданост и е на голем удар на јавноста и токму затоа тој и целото Министерство не смеат да прават грешки. Еве зошто. Тоа е најголемото Министерство кај нас со над 31 илјада вработени, од кои поголемиот дел се стручни лица, наставници, педагози, психолози, учители, професори. Ако се додаде дека сите тие имаат свои семејства, тогаш од ова Министерство егзистираат над 120 илјади граѓани на оваа наша земја. Ако кон тоа го додадеме и фактот што секое семејство во Македонија има ученик во основното или во средното образование или студент на високите и вишите школи во државава, сето тоа зборува дека сите потези од министерот за образование г. Ненад Новковски ги следи еден огромен мониторинг во државава. Огромниот број на корисници на услугите што ги дава Министерството за образование и да се сака не можат да бидат сите задоволени. Секогаш има барања, кои не можат да се задоволат целосно. Едни се барањата на родителите за запишување само во одредени училишта, а сосема е друго можностите и потребите на пазарот на трудот кај нас.

Затоа, државата финансира одреден број на струки и со ограничен број на ученици, бидејќи тоа го диктираат потребите на нашиот развој, односно пазарот, кој што не може да ги апсорбира сите стручни кадри.

Сите потези и зафати што се преземаат во Министерството за образование се во интерес на граѓаните, во интерес на развојот на стопанството и со крајна цел да се воспостават, да се воспитаат и да се остручат млади луѓе, кои успешно ќе го понесат товарот на нашиот развој. Со така оспособени млади кадри и стручњаци, Македонија успешно може да зачекори во новиот милениум и во семејството на Европските држави.

Посебно успешно поглавје во работата на г. Министер Ненад Новковски и на целото Министерство за образование, е образованието на бегалците. За бегалците се организира успешна настава, брзо се направија скратени наставни планови и тие луѓе покрај тоа што беа социјално опфатени и згрижени, нивните деца беа и образовно згрижени. На тој начин се даде

огромен придонес во зголемување на угледот и реномето на нашата држава во Европа и во светот во целина. А, Министерството за образование, образовниот процес за бегалците го изведуваше на терет на постојниот Буџет. Со други зборови одделните средства, односно одделни средства од и онака недоволните пари. Ова Министерство направи огромни напори, кои заслужуваат поддршка и признание. Добивме политички поени на меѓународен план, при што сето тоа имаше големи одгласи во Европа и во Светот. Исто така, се даде голем придонес и на личен план во свеста на бегалците и тие нема тоа да го заборават. Бидејќи не само што во најтешките моменти од нивниот живот во Македонија, таа ги прифати како свои сограѓани, ги смести, социјално ги згрижи, а и нивните деца не ги препушти да ги воспитува улицата, туку веднаш ги вклучи во скратен образовен процес. Тие млади луѓе во нивната свест за целиот нивни живот нема да ја заборават Македонија, верувајте.

Има големи замерки во врска со запишувањето во средните училишта. Сите сакат да се запишат во Медицинско училиште, во Гимназиите во Економската струка. Посебно е проблем запишувањето во медицинските училишта. Ова година таму, како и во целото Средно образование се изврши најреален и најобјективен упис. Ако се погледат листите на приемни ученици, во однос на нивното место на живеење, на социјалната структура на нивните родители, најголем број се од селско потекло, со родители земјоделци кои се стечајни работници. Има родители кои не веруваа дека нивното дете е запишано во медицинско училиште. Во минатите времиња се знаеше кој може да биде запишан, бидејќи уписот се вршеше по партиски врски, при што главен збор имаа членовите и функционери на СДСМ.

Треба да се каже дека на таков начин се вршеше негативна селекција, бидејќи важна беше партиската припадност и статусот на родителите, а не способноста и знаењето на учениците. Таквата негативна селекција што се вршеше во минатото, ова Министерство г. Ненад Новковски на некој начин им стави крај. И ние во целина гледаме ако нема позитивна селекција, како што сега што почна да се врши, каде ќе ни биде крајот на целата наша Држава. Верувајте, не може некој син, некоја ќерка само затоа што родителот е тој и тој некој си или пак можеби да плати и т.н., тој мора да учи и да биде запишан. Таквите ние не мораме ние да ги запишуваме, ние можеме однапред да им дадеме дипломи наеднаш и не мора да посетуваат училиште.

Министерството за образование под раководство на министерот г. Ненад Новковски, во средното образование изврши вистинска позитивна селекција, при што примарно беше знаењето на учениците.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:** (Продолжение)

Во сите средни училишта беа укинати приемните испити што наиде на целосно одобрување, се покажа многу успешно, бидејќи приемните испити беа психолошки притисок и оптоварување и за учениците и за родителите во последната година. Цела година тие мислеа само за приемен испит, само за полагање, само за уписите.

Во Медицинското училиште мораше да се воведе еден вид приемен испит само за оние што имаат највисок успех од 5,00, при што добија еднакви шанси само оние ученици што имаа најголем успех. Фактички, не беше тоа приемен испит, само не можеа да полагаат некои други ученици со помал успех. Од најдобрите да се изберат оние навистина што заслужуваат да го посетуваат Медицинското училиште. Сето тоа се направи, бидејќи таму се појави неочекувано огромен број на кандидати.

На крајот треба да се каже дека министерот господинот Ненад Новковски успешно го раководи Министерството за образование, а тоа го потврдуваат изнесените резултати за кои што зборував.

На крајот да кажам дека со сите овие изнесени констатации предлагам Министерството да продолжи, да продолжи и со наша и со божја волја успешно да ги заврши започнатите зафати и програми.

Најпосле и на крајот јас му посакувам целосен успех на министерот Ненад Новковски и на целото Министерството за образование.

Благодарам за вашето трпение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Димитар Батковски.

Процедурално побара збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сум пријавен за дискусија, но пред да се вклучам во дискусија за интерпелацијата на господинот Ненад Новковски би побарал од него да каже дали скоро при сите смени на директори од неговата страна и од ресорното министерство е респектиран оглас и конкурс.

Во сите смени на директори, од него лично барам одговор.

(Реагирање на пратениците).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам не дискутирајте.

Господинот Новковски има право да не сослуша, да ги сослуша сите забелешки и понатаму да одговори на сите. Ако одговара на секого поединечно навистина би влегол во непотребен дијалог. Негово право е кога ќе побара збор за да одговори. Верувам дека ќе одговори и на вашето прашање и затоа да не одиме на поединечни одговори, туку да си одиме со нашите кажувања, овде имаме интерпелација

од наша страна, а верувам дека господинот министер ќе си ги прибележи сите овие прашања и во неговото завршно предоаје ќе одговори на секое од нив.

Дали сте задоволен господине Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не сум задоволен, затоа што колку што ми е мене познато само на дел на централни училишта, каде што се сменети директорите има над десетици, каде што воопшто институцијата оглас и конкурс не е почитувана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тоа можете во дискусијата да го кажете и ќе биде елемент на вашата дискусија.

За збор се јави господинот Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и господа пратеници. Јас се наоѓам малку во специфична состојба со оглед дека денес практично на една парламентарна оптуженичка клупа се моите колеги до Универзитетот, јас ќе зборувам само за едниот, што се вели од универзитетската фела.

Секако во мојот настап нема да го навредум министерот Новковски како човек, туку во можеби низ една реторична, критички пристап ќе се обидам да насочам некои елементи од неговото министерување, што сметам можеби се неправилни, а можеби тој смета поинаку. Дури направив и еден мал напор, направив една мала анкета меѓу пратениците од ВМРО, некои беа индиферентни, некои немаа некое детерминирано мислење во однос на министерот Новковски и знам дека после гласањето, тој и понатаму ќе остане министер, но се надевам дека она што ќе го кажам ќе биде еден вид поука за некои работи, кои што можеби не би требало така да се прават.

Министерот Новковски е еден член од потесното раководство на ВМРО-ДПМНЕ, по вокација физичар, претпоставувам редовен професор на Природно -математичкиот факултет и во однос на тоа немам никакви забелешки и му посакувам целосен успех. Проблемот е во тоа што можеби како физичар многу механички си ја сфатил својата министерска функција, па од тие аспекти со премногу големи амбиции, со гнев се обиде да го вмроизира школството. Едноставно човекот пристапи, според мое убедување, кон одредени елементи на партиска дискриминација . . .

(Реагирање од место на госпоѓата Ѓулистана Марковска - грешите).

Можеби грешам. Тоа се моите податоци. Велат дека вие студентите ги делите според партиска припадност, професорите ги делите според партиска припадност. Се надевам дека и Анштајн и Њутон и Архимед и Пикасо и Прус и Хегел нема да ги вокализирате според партиска припадност. Но затоа малите луѓе, стручни, директори, дел од системот, дел од тоа министерство често пати не прашуваа на улица "ама има ли тој човек душа"? И јас сега го прашувам имате ли министре душа, затоа што, пазете можеби во владеењето на СДСМ се направени одредени неправилности, меѓутоа зошто да се продолжи? Дури сменивте луѓе кои што гласаа за ВМРО, луѓе за промени. Од друга страна и јас сум професор, еве испитајте слободно, дури ги знам моите студенти кои што се припадници или симпатизери на ВМРО, еден ако најдете, ама баш еден нека дојде и кажете го името, било што, ќе видите каков е мојот однос, дали имам некакви партиски резерви кон некого. За мене сите се тие студенти, сите се исти.

Се доближуваме до нешто што се вика граѓански статус. Да се биде граѓанин не значи само да се располага со граѓанското право, туку тој да учествува, да влијае во донесувањето на одредени одлуки. Односно тоа е еден вид емоција да се чувствува човекот како дел, како член на еден суверен народ. Сега од еден пратеник чувме дека проектот за експерименталното школо целосно го критикуваше, одеднаш беше забрането, па одеднаш Владата се досети и рече не, школото си продолжи. Значи и Владата не била согласна со таквата стратегија тој експериментален проект да биде затворен.

Нормално дека ние живееме во едно општество, кое што го велат општество во транзиција, општество со честопати двојни вредности, бидејќи сите знаеме дека вредностите од некогашниот систем целосно исчезнаа. Исчезнаа некогашните иконографии, исчезна како термин братството и единството, самоуправувањето и т.н. Меѓутоа, се отворија нови иконографии. Иконографии како што се пазарното стопанство, профит. Целото општество ги наруши своите вредности. Во таа насока исчезнаа и партиските книшки.

Денеска ние не смееме на тој начин да размислуваме или да се реваншираме ако сакате. Колку што сте вие анти комунист, јас сум два пати толку повеќе од вас, а можеби и повеќе пати.

Од друга страна изненадувачки потег во услови кога гледаме дека иконографиите се натпреваруваат. Знаете што се иконографии нели. Идентитетот на се што го изразуваат. На пример дури доаѓа и до еден вид натпреварување меѓу иконографиите. Најзначајната иконографија која се врати од минатото, тоа беше религијата, црквата, верништвото, православјето во нашите краишта, но исто така исламот. Денеска дури постои еден вид натпревар и самите го знаете чие ехо е посилно дали на оџата, или на ѕвоното на црквата. И кога ќе оживуваме една ренесанса на тој план и кога никој не ја става под знак на прашање, значењето на религијата, на црквата, бидејќи знаете колку тоа ни значеше во зачувување на неговиот идентитет, сепак ние сме една лаичка држава. Како лаичка државата, а знаете сите западно европски режими се лаички држави што ќе рече улогата на црквата е строго детерминирана. Таа може да се занимава со црковните прашања, со црковна милостиња, со

екуменство кон другите религии и т.н., меѓутоа со одлуката на мала врата да се воведува каташизам во школите, школите да почнуваат со црковни лица, мислам дека се враќаме во XIX век. Колку и да сакате да ме убедувате...

(Реагирање на одделни пратеници во салата).

Тоа е современ настан госпоѓице, затоа што во Европа денеска, а прочитајте го и Уставот убаво е детерминирано што значи лаичка држава. Од друга страна во едно општество со нови социјални не еднаквости, каде што владее пазарното стопанство помина периодот од стилот жртви, како што беше една од нив Никола Коперник. Ние се занимаваме со современи погледи. Ние гледаме дали Македонија ќе оди во XXI век, на кој начин ќе оди? Токму, некој рече, да дојдат од странство и да видат како нашите школски институции, нашите студенти или нашите професори функционираат, дали се согласно европските стандарди. Дали тие можат да одржат едно предавање на еден странски Универзитет?

Дали имаме таква можност, исто така да ги следиме современите токови на науката. Ќе го цитирам Адам Нихник за завршеток на мојата дискусија Адам Нихник е познак полски интелектуалец вели: "Ѓаволот на нашето време ја соблече кошулата на некогашниот болшевички комесар, но се уште таа кошула не ја облекол некој друг". Не зборувајте ми за комунизмот на СДСМ. Комунизмот може да биде и десен и лев. Можете да се смеете колку што сакате, се надевам дека следните се што се случува во овој домен. Ќе биде огромна грешка доколку она што се слуша во кулоарите на универзитетите, некој дури помисли да стави рака врз автономноста на Универзитетот. Мислам дека, во тој случај тој некој ќе ја облече болшевичката кошула. Тој ќе биде најголемиот комунист и комунистички комесар. Ние мораме во XXI век да одиме ослободени од времето на нашите партиски припадности особено во доменот на универзитетското живеење. Јас се надевав дека во ова мое, речиси кусо излагање министерот ќе даде одговор барем за ова последното, што е мошне актуелно меѓу универзитетскиот потенцијал и кадар на факултетот.

Од друга страна сметам дека и вие самите како пратеници имате можност и желба да укажете исто така на таквиот вид аномалии, а знаете живееме во едно општество полно со аномалии без некој претеран апологетизам. Можеби човекот направил некои добри потези, во ред е, меѓутоа ние овде сме како опозиција нормално или како пратеници да ги кажеме лошите работи.

Затоа, апелирам од вас особено кога се работи за Универзитетот, особено кога се работи за интелигенцијата не обидувајќи се да ја контролирате. Во секој процес на транзиција, во секој процес на големи историски настани, ако тоа се надевате да го направите и интелигенцијата ќе ви го сврти грбот. Има демократска промена на власта. Го знаете и тоа, немојте утре кога ќе дојде до таа промена да се срамиме од нашето минато.

Јас сите вас ве респектирам како индивидуи, како личности, како пратеници и јас никого од вас нема да увредам како човек, меѓутоа кога се работи за демократија, за хуманизам, за социјални права, за демократски права, за политички права, за респект на индивидуата, за европски идеи, за про атлантски, про европски ориентации, вие нема да можете мене да ме измрдате од место. Јас секогаш ќе останам во тој вредносен систем и затоа поаѓајќи од критериумите на тој вредносен систем, во кој што верувам му се обраќам на министерот, исто така да има одредени допирни точки со тие вредности.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот Нано Ружин.

Господинот пратеник Замир Дика бара збор процедурално.

**ЗАМИР ДИКА:**

Барам да видиме дали имаме кворум.

Ова го велам, затоа што многу е не одговорно од опозицијата кои поднесуваат интерпелација на министерот, а гледам дека само двајца се тука.

Ова е уште еднаш во контекст на тоа дека, тие сакаат да го злоупотребуваат Парламентот да ги одолговлечуваат седниците, само да помине нивната стратегија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, ако може службите да пребројат колку не има во овој момент во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

(Во меѓувреме влегуваат пратеници на СДСМ, како и од другите политички партии).

Не има, тука сме.

Апелирам да бидеме во салата, во салата се работи, треба да се слушнеме, а не по екраните во различни холови и т.н.

(Во салата се присутни 53 пратеници).

Со оглед дека немаме доволен број пратеници, предлагам пауза од половина час.

(Пауза од 15,45 часот). (По пауза).

(Седницата продолжи со работа во 16,35 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи немаме доволен број пратеници за работа на Собранието, ја прекинувам денешната седница.

Ќе продолжиме со работа во вторник, со почеток во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,36 часот).